За наставникот кој неоправдано нема да ја реализира дополнителната настава, согласно со распоредот ќе се поведе постапка за дисциплински престап.

За дисциплинскиот престап на наставникот му се изрекува дисциплинска мерка пари од 10 % од месечна нето плата.

НАПОМЕНА: Дополнителна настава се реализира преку наставните часови, што се утврдени со училишниот распоред на часови.

Примерокот од распоредот се истакнува на огласните табли на училиштето и се доставува до државниот просветен инспекторат.

дополнителна настава, а за истите дополнителна наставна се организира по проценка на наставникот.

Изготвиле: Благица Тодоровска, Емилија Грбевска, Зорица Симоновска, Јагода Серафимовска

ДОДАТНА НАСТАВА

1. Додатна настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резулатати по одделени наставни предмети – талентирани ученици.

2. Додатната настава за учениците од ставот 1 на член 28 од законот за основно образование наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

Распоред за додатна настава училиштето треба да истакне најдоцна до 20 септември во тековната година за секој наставен предмет на видно место во училиштето и истиот да го достави до Државен просветен инспекторат.

За талентираните ученици училиштето има подготвено акционен план за работа.

Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани деца

Надареноста на учениците претставува висок степен на општа интелектуална способност која изискува различни знаења кои според својата широчина и длабочина ги надминува знаењата кои можат да се добијат со образовните програми во редовните училишта кои го задоволуваат просечното ниво . Тоа се ученици кои квантитативно и квалитативно побрзо напредуваат во споредба со нивните врсници.

Акционен план за работа со надарени и талентирани ученици

Задача	***Активност***	***Време***	***Носител***	***Начин на спроведување (ресурси)***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
Препознавање и идентификација на надарените ученици	Набљудување, следење изработки	Септември-октомври	Психолог ,наставници	Стандардизирани тестови	Набљудување, следење, прашалници, цртежи , психол. тестови	Успешна идентификација на надарените ученици	Психолог, наставници
Одредување интелектуални способности и подрачјето на надареност	Примена на психо - дијагностички тестови	Октомври	Психолог ,наставници	Тестови со задачи на повисоко ниво на знаење	Психо-дијагностички тестови	Успешно постигнати резултати од применетите тестови во одредени подрачја	Психолог, наставници
Запознавање , информирање	Разговор со учениците и нивните родители	Октомври-ноември	Психолог ,наставници	Разговор	Соодветен разговор , записник	Навремено информирање и транспарентност	Психолог, наставници

Проценка од страна на предметните наставници	Следење поодредени чек листи	Октомври-ноември	Наставници	Активности изработени тестови	Листи за следење (чек листи)	Успешна реализација на активностите и тестовите	Наставници
Индивидуално напредување според можностите	Изработка на програма за работа	Ноември-декември	Психолог ,наставници	Програма за работа	Програма	Примена на програмата	Психолог, наставници
Афирмација на учениците	Вклучување во проекти и натпревари во и надвор од училиштето	Март-април	Наставници , ученици и надворешни лица	Извештај од натпреварите	Брошури , конкурси , литература	Учество и афирмација на учениците	Наставници
Мотивација	Наградување на учениците за постигнатиот успех	Мај	Училиш тето	Награда и изготвен извештај – ранг листа од натпреварите	Пофалници , дипломи , пехари	Поттик и оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците	Училиштето
Мотивација	Наградување на учениците за постигнатиот успех	Мај	Општината	Стипендија	Стипендија		Општина

|Изработиле: Димитриева Виолета, Ѓорѓиева Виолета, Цветковска Соња, Велибор Јовановски, Весна Кочовска

Индивидуализирани програми за деца со посебни потреби

Инклузивното образование претставува обезбедување пристап на деца со посебни образовни потреби до редовните наставни програми, односно изработување на ИОП (индивидуални образовни програми) за секое дете од страна на тим од професионалци, стручни служби на училиштето заедно со родителите.

ИОП подразбираат нивелирање на целите од Наставниот план и програма според можностите на учениците, со диференциран ристап.

Учениците со ПОП се вклучени во паралелки во одделенска и предметна настава. ИОП ги изготвуваат наставниците кои во паралелката имаат вклучено ученик со ПОП, според образовните потреби на ученикот. Истите се изработуваат од страна на наставниците, со помош и подршка од инклузивниот тим на училиштето и родителите на ученикот. ИОП се изготвува според направената проценка за можностите и потребите на ученикот. ИОП се изготвува на почетокот од учебната година, а во текот на годината се ревидира според потребите и напредокот на ученикот.

ИОП се поврзува со процедурата за идентификација на децата со посебни образовни потреби.

Изготвил тим од наставници: Милка Ивановска – педагог, Катица Дуковска Муратовска, Анета Ѓорѓиевска, Елена Јовановска, Невена Петковска

Програма на инклузивниот тим за 2013-2014 година

ООУ „Димо Хаџи Димов“ започна со работа со деца со Посебни Образовни Потреби (ПОП) ВО 1998 година со реализација на проектот „Инклузија на деца со посебни потреби во редовните училишта во Р.М.“. Носител на овие активности беше БРО на Македонија во рамките на Министерството за образование и наука со финансиска поддршка на УНИЦЕФ.

Во првата фаза на реализацијата на проектот беа вклучени консултанти од Англија, потоа овој проект продолжи со ангажирање на консултација од Институтот на дефектолози и педагози при Филозофскиот факултет од Скопје и вклучување на тим од мобилни дефектолози со цел на реализација на инклузивното образование во училиштата.

Во овој проект беа вклучени 72 училишта и 13 градинки на територијата на Р. Македонија.

Во тој период во училиштето е формиран инклузивен тим составен од директор, педагог, психолог и тројца одделенски наставници.Улогата на инклузивниот тим од самиот почеток е дефинирана со програма со која се плаирани фазите на инклузивниот процес во училиштето.

Во првата фаза инклузивниот тим се фокусираше на воведување на теоријата на филозофијата на инклузивното образование, рушење на бариерите и стереотипите и градење на стратегии за прифаќање и воведување на инклузивниот процес (работилници со наставници и родители).

Во следните фази инклузивниот тим работи на едукација на наставниот кадар преку планирање на интегрирани часови со цел јакнење на тимската работа, диференциран приод, учење ученик-ученик, прифаќање на различностите се со цел излегување во пресрет на посебните потреби на учениците.

Професионалниот развој на инклузивниот тим е континуиран процес со поддршка од УНИЦЕФ, МОН и БРО.

Во овој период тимот помина обуки за обучувачи и учествуваше во изготвување на Прирачникот за инклузивно образование составен од пет модули.

Активностите на тимот за оваа учебна година се наведени во акцискиот план.

ЦЕЛ: Инклузивното образование претставува обезбедување пристап на деца со ПОП до редовните наставни програми, односно изработување на ИОП (индивидуален образовен програм) за секое дете од страна на тим од професионалци, стручни служби на училиштето, заедно со родителите.

Во таа смисла неопходно е да се вклучат сите специјализирани установи кои ќе обезбедат поддршка на училиштето за непречено вклучување на деца со ПОП во редовно основно училиште.

Нашата посветеност кон инклузивното образование продолжува и понатаму, затоа што ние веруваме дека сите деца можат да учат и затоа секогаш ќе ја промовираме атмосферата која го мотивира учењето.

Акциски план на инклузивниот тим за работа со деца со посебни обраозовни потреби 2013-2014 година

Задача	***Активност***	***Време***	***Носител***	***Начини на следење(реусрси)***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
1. Идентификација на деца со ПОП	Опсервација при упис на ученици	Мај - Јуни	Инклузивен тим Комисија за упис на првачиња	Правилник за работа на деца со ПОП, родители, наставници, стручни лица	Прашалници, Цртежи, Дидактички материјал	Идентификување на ПОП	Инклузивен тим
2. Уптаување во Завод за ментално здравје и обезбедување наод и мислење	Разговор со родители и обезбедување контакт	Мај-септември	Стручна служба, Инклузивен тим	Стручни лица	Препораки, мислења	Стручен наод	Координатор на инклузивниот тим
3. Разговор со родители на деца со ПОП	Планирани средби и разговори	По потреба	Стручна служба, наставник, член од тимот	Родител, наставник, стручна литература	Разговор, записник, аналитички листови	Родителите да ги прифатат реалните можности на детето	Стручна служба, наставник, инклузивен тим
4. Распоредување на деца со ПОП во паралелка	Анализа на состојбата и распоредување	Јуни-август-септември	Инклузивен тим Комисија за упис на првачиња	Извештаи, наставници	Анализа	Правилно распоредување на учениците	Инклузивен тим
5. Инструктивна работа со наставници за карактеристиките на ученици со ПОП	Работилници, обуки	Август, јануари	Инклузивен тим	Стручна литература, електронска табла, компјутер,хартија, фломастери	Подготвени стручни материјали	Стручно усовршување на наставниците	Инклузивен тим
6. Создавање на позитивна клима во	Работилници, Разговори,	Септември - октомври	Инклузивен тим,	Наставници, брошури,	Анкета, цртеж. игри,	Клима на прифаќање од	Инклузивен тим

училница за прифаќање на деца со ПОП од страна на деца врсници	размена на искуства		Наставници, ученици	прирачници, филмови, фотографии	драматизација	страна на учениците	
7. Работа со родителите со цел градење позитивен став кон децата со ПОП	Работилници, Разговори, размена на искуства	Октомври-ноември	Инклузивен тим, родители	брошури, прирачници, филмови, фотографии	Анкети, игри, стручни материјали	Менување на стереотипите и Создавање клима на прифаќање	Инклузивен тим
8. Проценки на способности на учениците со ПОП со цел на изработка на ИОП со примена на дифернциран пристап	Работилници, Разговори, размена на искуства	Август-септември-октомври	Стручна служба, Инклузивен тим, наставници	Прирачник, стручна литература,	модели на ИОП, аналитички листови, извештаи	Правилно дефинирање на целите изработка на ИОП и примена на диференциран приод	Инклузивен тим Стучно лице
9. Дисеминација по модулите од прирачникот	Работилници	октомври	Инклузивен тим,	Прирачник стручна литература, електронска табла, компјутер,хартија, фломастери,	Подготвени стручни материјали	Професионално доусовршување	Инклузивен тим УНИЦЕФ

ИНКЛУЗИВЕН ТИМ: Милка Ивановска- педагог- координатор, Виолета Ѓорѓиева- психолог – член, Катица Дуковска Муратовска- одд. наставник- член, Анета Ѓорѓиевска- одд. наставник- член, Невена Петковска – предметен наставник – член, Зорка Ристова – директор- член

ПРОЕКТ - "Отворете ги прозорците" - "Еднаков пристап за еднакви можности"

Во училиштето продолжуваат активностите од проектот за користење на пристапна (асистивна) технологија како алатка за подобрување на квалитетот на образованието на децата со посебни образовни потреби (ПОП) во редовните основни училишта. Целта е децата со ПОП да можат да ја следат редовната настава и да користат компјутер за да се надминат бариерите со кои се соочува образованието.

Активна примена на асистивната технологија од страна на наставниците кои ја поминаа базичната обука. Се реализираат отворени часови за интерна обука на другите наставници,како и ширење на мрежата и соработката, размена на искуства и со други училишта.

Координатор - Невена Петковска, Благородна Спировска, Милка Ивановска.

Акционен план за користење на – Асистивна технологија

Задачи	*Актив ност*	*Време на реализација*	*Носител*	*Ресурси*	*Очекувани резултати*	*Одговорно лице*
Употреба на асистивната технологија кај учениците со ПОП Правилно користење на асистивните уреди во наставата	Отворен час-Историја VIII/9 Отворен час-одделенска настава	Октомври Март	Невена Петковска Олгица Стефковска	Асистивни уреди	Интерес на учениците за наставата при користење на асистивните уреди; Истакнување на способностите и нивна правилна примена	Невена Петковска
Продлабочување на соработката на наставниците од одделенска и предметна настава кои беа вклучени во проектот	Работни состаноци	Ноември	Наставници од одделенска и предметна настава Стручна служба, Директор	Материјали од семинарите	Добра комуникација, соработка и помош	Милка Ивановска
Насоки за правилно оценување на работата на учениците кои ги користат асистивните уреди	Работни состаноци	Јануари	Наставници од одделенска и предметна настава, Стручна служба Директор	Материјали од семинарите Готови изработки на учениците	Придржување на дадените насоки за оценување на учениците	Милка Ивановска
Соработка и вклучување на родители за помош и работа со асистивните уреди кај учениците со ПОП	Работилница	Април	Директор, стручна служба и наставници од одделенска и предметна настава	Стручна литература од поминати обуки и семинар	Добра комуникација, соработка и помош	Невена Петковска Милка Ивановска

Оспособување и вклучување на други наставници за употреба на асистивната технологија и ширење мрежа со други училишта	Работилница	Март	Директор, стручна служба и наставници од одделенска и предметна настава	Стручна литература од поминати обуки и семинари	Заинтересираност на наставниците за соработка	Милка Ивановска Невена Петковска
Комуникациски вештини меѓу учениците за помош и подршка при користење на асистивните уреди	Тимска работа	Мај	наставници од одделенска и предметна ,ученици	Стручна литература од поминати семинари	Добра комуникација, меѓусебно почитување и соработка	Милка Ивановска

Изготвиле: Невена Петковска и Милка Ивановска

Поврзување на еколошката програма со редовната настава

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ- ЕКО УЧИЛИШТЕ

Цели на проектот во училиштето:

- Рационална употреба на енергијата;
- Рационална употреба на водата;
- Намалување на отпадот;
- Промена на навиките;
- Еко тимови;
- Средување на дворот, ходниците и училниците;
- Сопствени медиуми.

Задачи на еко одборот за постигнување на целите:

- Да примени знаења од темите енергија, вода и отпад;
- Да едуцира на еко теми;
- Да изработи материјал за едукативни кампањи во училиштето;
- Да организира настани по повод одбележување на еколошки денови за подигање на јавната свест;
- Да изврши анализа на состојбата на темите енергија, вода и отпад во училиштето;
- Да креира активности што ќе доведат до подобрување на состојбата;
- Да го мониторира изведувањето на проектите и подобрувањето на состојбата во училиштето;
- Да изработи портфолио за проектните активности;
- Да ја информира поблиската и поширокатa јавност;
- Да организира еко прошетки.

Планирана активност (содржина)	Цели	Одговорни лица	Начин на реализација	Време на реализација	Планирани и потребни средства	Очекувани ефекти
Формирање на клуб- Зелен тим; донесување на програма за работа	Да се активираат учениците за подигање на еко-свеста	Наставници; ученици	Еко патроли; состаноци	Септември	Програма за работа; формулари	Зголемување на личната одговорност; подигање на еко-свеста;
Информација за Советот на родители за активностите на Еко училиште	Активирање на родителите во реализирањето на проектот	Наставници; ученици	Состаноци; анкети; интервјуа	Октомври; Април	Програма за работа презентации	Зголемување на личната одговорност; подигање на еко-свеста кај родителите
Одбележување на Еко денови од еколошки календар; Денови на етнички заедници	Да се запознаат учениците, родителите и средината со еколошкиот календар и другите денови	Наставници; родители; ученици; надворешни соработници	Приредби; базар; собирни и хуманитарни акции; изложби	Септември; Октомври; Март; Април; Мај	Програма за работа; предавања	Подигање на еко свеста; подготвеност за идните проектни активности;
Месечен извештај за спроведените активности; поставување на цели и планирање на активности за наредниот месец	Да ја согледаат успешноста на реализираните активности;	Наставници; ученици; надворешни соработници	Состаноци	Еднаш месечно во периодот од октомври до	Програма и дневник за работа; извештаи;	Успешна реализација на програмата за работа;

				јуни;	записници;	
Изработка на програма за кампања во училиштето	Да се запознаат учениците и вработените со целта на кампањите;	Вработени; ученици; родители	Состаноци; кампања; продажни изложби; собирни акции	Ноември; Декември; Март; Април	Програма за работа; списанија; слики; интернет; постери и флаери	Зголемување на личната одговорност за зачувување на животната средина;
Запознавање со методологијата за снимање на состојбата во училиштето во врска со создавањето на отпад; потрошувачката на енергија и вода	Да се едуцираат учениците за проценка на тековната состојба во училиштето и за спроведување на анкети и интервјуа;	Наставници; ученици	Состаноци; анкети; интервјуа; извештаи; видео записи; калкулатор	Декември; Мај	Програма за работа; дневник за работа;	Подготвеност за анализа на тековната состојба;
Спроведување на резултатите од активностите	Да се воочи разликата од моменталната состојба	Наставници; ученици;	Плакати; презентации	Јануари; Јуни	Формулари; извештаи; дневници; слики; резултати од извршените мерења; сметки за вода и струја;	Сознанија за моменталната состојба во училиштето;
Инфо на веб страна на училиштето	Да се информира јавноста за еколошките активности во и надвор од училиштето;	Еко- тим; ученици;	Извештаи; фотографии; презентации	Цела учебна година	Интернет; Лични творби (ликовни и литературни); извештаи;	Промовирање на грижливо однесување кон животната средина;

					слики;	подигање на еко свеста;
Подготовка и едукација на останатите ученици во училиштето; чист двор и училиште;	Да се подобри однесувањето на учениците;	Наставници; ученици;	Анкети; состаноци	Септември; Февруари; Март	Предавање;	Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност;
Одбележување на еколошки ден (Октомври, 5ти Март; 21ви Март;22 Април, 15ти Мај);	Еколошки да се едуцираат учениците и поширокаата заедница;	Наставници; ученици; локална средина	Кампања; еко акции; изложби	Октомври; Март; Мај;	Лични творби; предавања; извештаи	Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност;
Вклучување на Локалната заедница; Полициската станица; Водовод и канализација; и Комунална хигиена во училишните еко активности;	Соработка со институциите во поширокаата заедница;	Наставници; ученици; претставници од институции;	Состаноци; Еко акции; дефиле; кампањи	Октомври; Декември; Март; Мај;	Инфомативен материјал; прибор за работа;	Поддршка од страна на заедницата; подигање на јавната свест;
Реализација и изработка на фото изложба на тема ЕКО ГРАД и ЕКО СЕЛО	Да се подигне свеста во околината	Ученици и наставници	Фотографии; изложби; извештаи	Декември; Април	Фото записи, извештаи	Подигање на еко свест
Реализација од истражувањето за ЗДРАВА ХРАНА	Здрави навики	Ученици и наставници	Кампањи; приредби; саем; хуманитарни акции	Ноември; Април	Материјали, интернет, дневници, тв емисии	Стекнување здрави навики

Изработка на портфолиа на еко тимовите	Да се презентираат резултатите	Наставници; ученици; родители; надворешни соработници	Состаноци; презентации	Јуни	Материјалите од работата; записници, слики	Подигање на еколошката свест
Информирање за еко работата во училиштето	Да се промовираат резултатите од еко активностите	Наставници; ученици; родители; надворешни соработници	Состаноци; медиуми	Тековно	Готови материјали; изработки; плакати; презентации; фотографии	Промовирање на училиштето во средината и пошироко
Запознавање со животната средина	Да се запознаат со природните ресурси	Наставници	Еко- прошетки	Тековно-сезонско	Интернет; фотографии; превозни средства	Проширување на стекнатите знаења

Одговорен наставник и главен еко-координатор: Анета Корун

М Е М О Р А Н Д У М

за меѓусебна соработка

Имајќи ги во предвид надлежностите на општината во сферата на образованието, заштитата на децата, грижата за нивното воспитување, а во едно и развивање на еко свеста со поддршка на Еко проектот со дадените еко стандарди: Штедење на енергија; Штедење на вода; Уредување на училишниот двор и животната средина; Возење велосипед; Рециклирање на отпад, се потпишува Меморандум за меѓусебна соработка:

1. **ООУ Димо Хаџи Димов- Скопје, застапувано од претседателот на Еко одборот- Зорка Ристова и Еко координаторот- Анета Корун**
2. **Општина Карпош- Скопје, застапувана од градоначалникот Стефчо**

Овие страни постигнаа согласност:

- ***Општинското основно училиште Димо Хаџи Димов- Скопје*** со ЕКО одборот (ученици, вработени, родители, надворешни соработници), активно да работи на изготвување и реализација на Еко проектот.
- ***Општината Карпош*** да учествува во составот на ЕКО одборот со едно лице вработено во општината.
- ***Општината Карпош*** да дава целосна поддршка за спроведување на сите еко акции во училиштето.
- ***Општина Карпош*** целосно да го поддржи изготвувањето и реализацијата на проектот
- ***Општина Карпош*** во рамките на своите можности да даде придонес во изготвувањето и реализацијата на поектот како и сите активности предвидени со проектот преку доделување финанскиска помош, стручна помош и сл.

Овој Меморандум е составен во четири примероци, по два за секоја од согласните страни.

ООУ Димо Хаџи Димов- Скопје **Општина Карпош- Скопје**

_____ _____

Употреба на ИКТ во наставата

Преку проектот на Министерството за образование “Компјутер за секое дете” и во нашето училиште е целосно имплементирана употребата на ИКТ во наставата, преку задолжителни и изборни предмети и интегрирани содржини по различни наставни предмети. Министерството за образование го обезбеди училиштето со 269 сини преносливи компјутери (лаптоп) и опреми 10 училници со по 24 статични компјутери.

Учениците, низ разни содржини и предмети, ги користат едукативните програми Toolkit, G compromise, Зелен пакет, Зелен пакет Junior, кои, со законска регулатива се вметнати во наставните планови и програми. Секој наставник во своето годишно планирање има интегрирано употреба на ИКТ со интерен договор.

Во прво и во второ одделение, употребата на ИКТ се изведува преку слободно креирање часови со различни содржини по различни предмети.

Во трето, четврто и петто одделение, работа со компјутери е изборен предмет, со 72 часа годишно или по два неделно, во кој конкрето се остваруваат целите од наставниот план и програма. Покрај овој изборен предмет, наставникот ја осмислува и креира наставата со употреба на ИКТ по различни наставни предмети.

Во шесто, седмо и осмо одделение учениците продолжуваат со образување преку задолжителниот предмет информатика, со два часа седмично или 72 часа годишно. Наставникот спроведува дополнителни активности за усвојување на содржини по потреба, за учениците кои имаат потешкотии во учењето или побавно напредуваат. Исто така, наставникот реализира додатни часови со учениците кои покажуваат особен интерес за содржини од областа на информатиката.

План за употреба на ИКТ во наставата

одделение	*предмет*	*број на часови*	*опрема за ИКТ*
1.	интегрирано	по избор	преносliв компјутер
2.	изборен	72	преносliв компјутер
3.	изборен	72	преносliв компјутер
4.	задолжителен	72	статичен компјутер
5.	задолжителен	72	статичен компјутер
6.	задолжителен	72	статичен компјутер
7.	задолжителен	72	статичен компјутер
8.	задолжителен	72	статичен компјутер
9.	задолжителен	72	статичен компјутер

Изработиле: Лидија Гркова, Цветанка Николовска Гегај

ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето го претставува процесот на собирање и интерпретирање информации за учењето и постигањата на учениците. Оценувањето се реализира континуирано (во текот на целата учебна година) и претставува составен дел на наставниот процес (на учењето и наставата). Со цел да се унапреди постојниот систем на оценување во училиштето, за да се подобри поучувањето и учењето и да се придонесе за општ индивидуален напредок на секој ученик, се преземаат и применуваат *Стандардите за оценување* според Блумова таксономија, (дефинирани од Бирото за развој на образованието, во соработка со МОН). Имплементирање на стандардите за оценување директно се врши преку изработка на планирања и оценување од страна на секој наставник (од одделенска и предметна настава), поодделно во секој класификационен период. Планирањата на писмени оценувања наставниците ги прават индивидиуално / по активи, со соодветни подготовки на учениците.

Соодветно на прописите во Законот за основно образование, оценувањето на учениците од прво до трето одделение е описно, а од четврто одделение до крајот на основното образование бројчано. Оценувањето, како сеопфатен процес, директно влијае врз создавањето на климата на часот. Се вреднуваат когнитивните знаења на учениците, како и емоционалните и социјални димензии на учењето. Оценувањето претставува активност на наставниците која подразбира користење стручна литература и подготовка на инструменти за оценување, за секој наставен предмет, соодветно на содржината.

Тимот одговорен за оценувањето во училиштето (во состав: наставници од одделенска и предметна настава, стручната служба и директорот на училиштето) овозможуваат континуирано следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди за оценување. На ниво на училиште се воочуваат придобивките и важноста на квалитетот во оценувањето. Овој процес подразбира објективност на наставникот во процесот на оценување и овозможување навремено информирање за постигањата на ученикот и родителите. Училиштето има утврдено и процедура, што се спроведува, во случај на поплаки и жалби по добиени оцени. За содржината на приговорот се информира Наставничкиот совет, а наставникот го презентира сопственото образложение (со соодветни аргументи). За евентуалната корекција на оцената одговорноста ја има наставникот, односно ја превзема Наставничкиот совет. За исходот од секој разгледан приговор училиштето доставува писмена повратна информација, до родителите и ученикот.

Во текот на наставата оценувањето е континуиран и отворен процес. Се планираат и реализираат активности за директно учество на учениците во процесот на оценување, преку: самооценување, оценување на група, оценување на тимска работа и слично. Процесот на оценување, од страна на наставниците, подразбира формативно и сумативно оценување на учениците. Тимот за оценување (квартално, и по потреба) го следи, анализира и вреднува процесот на оценување во училиштето. За секој наставен предмет наставникот, или актив на наставници, согласно со целите од наставната програма го планираат оценувањето. Формативното оценување овозможува вреднување на практичната оспособеност на часовите и влијае на учењето. Тоа ги опфаќа сите активности што се преземаат со наставниците и учениците, а овозможува повратни информации за подобрување на наставата и учењето. Сумативното оценување се однесува на сумирање на успехот на ученикот во одреден временски период. Преку сумативно оценување наставникот го вреднува напредокот во учењето на секој ученик. Информирање за оценувањето и вреднувањето на знаењето, способностите и вештините на ученицитесе врши преку: информирање на учениците (во текот на наставата), родителите – преку разговори, родителски средби и електронскиот дневник. Формативното оценување е тековно, а сумативното оценување подразбира квартални, полугодишни и годишни оцени.

Полугодишните и годишниот извештај за успехот во училиштето содржат анализа на состојбите со оценувањето (просечен успех по наставни предмети, пресметан по различни категории на ученици – по паралелки, по одделенија, според полова структура, етничка припадност и слично) и компаративна анализа на тековните податоци со соодветните податоци за изминатиот тригодишен период.

Тимот за следење, анализа и поддршка на вреднувањето во училиштето планира и спроведува активности за продолжување и јакнење на соработката меѓу наставниците при подготовка на инструменти за оценување, како и реализација на оценувањето. Размената на искуствата и сознанијата од процесот на вреднување се врши и преку планирање и реализација на отворени часови, стручни активи, разговори, дискусии и слично. Самоевалуацијата на училиштето овозможува информирање и мотивација за продолжување на квалитетно оценување и овозможување соодветна ефикасност во процесот на стекнување знаења и вештини.

Екстерното оценување треба да овозможи заокружување на процесот на вреднување на учениците за тековната учебна година. Малите отстапувања, меѓу финалните и оцените од ектерното оценување, иницираат континуирано ангажирање на учениците и наставниците, во соработка со родителите, во процесот на учење.

Изготвиле: Магдалена Мојсовска, Ирена Балкоска, Елена Крстеска, Слаѓана Милановска

АКЦИОНЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Задача	Активност	Месец	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице	Потребен буџет
Увид во процесот на оценување во училиштето (формативно и сумативно)	Следење на процесот и улогата на формативно и сумативно оценување	Континуирано, во текот на учебната година	Директор; Стручна служба; Тим наставници	Планирање на наставниците; Докази за оценувањето (тестови, портфолио, чек листи и др.)	Прашалници; Анкета со фокус; Група ученици	Наставниците одговорно го планираат оценувањето	Директор	
Примена на стандардите за оценување и користење на ИКТ во наставата	Следење на примената на стандардите за оценување и користење на ИКТ во наставата	Континуирано, во текот на учебната година	Директор; Стручна служба; Тим наставници	Нестандардизиран инструмент за следење на наставата; Користење на ИКТ	Аналитичка листа	Наставниците ги постигнуваат целите предвидени со наставната програма	Директор	
Примена на етички кодекс во оценувањето	Следење на примената на етичкиот кодекс во оценување	октомври декември април јуни	Директор; Стручна служба; Тим наставници	Инструмент за самооценување; Користење на ИКТ	Скала на проценка	Целните групи ги почитуваат принципите на етичност во оценувањето	Директор; наставници	
Прибирање информации за учењето	Координирање на процесот за прибирање информации за учењето	Континуирано, во текот на учебната година	Директор; Стручна служба; Тим наставници	Користење на ИКТ; Користење критериумски инструменти за следење на постигањата на знаењата	Годишен Планер	Наставниците ја планираат временската рамка за проверка на знаењата	Директор	

ВОН - НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Училиштен спорт

Во учебната 2013-2014 година училиштето ќе ги реализира следните спортови:

- спортски игри : кошарка, фудбал, одбојка и ракомет
- крос натпревари
- шах
- натпревари пливање
- тенис
- пешачење
- следење на спортски натпревари

Учество на екипите на натпревари на сите нивоа: општински, регионални и државни.

Оспособување на учениците за натпревари, применување на знаења од техника и тактика во игра, и примена на правила во игра и фер плеј дух.

Сите заинтересирани ученици можат да учествуваат во воннаставните ативности, а за учество во натпреварите селекцијата ја прави активот на настваници по физичко и здравствено образование и одделенси наставници во согласнст и собработка со родителите на учениците.

Воннаставните активности се реализираат во воннаставни часови со посебна конкретна програма која се реализира во текот на целата учебна година.

Целата реализација и евалуација на воннаставните активности ги следи , реализира и корегира тим од наставници од одделенска и предметна настава кои се вклучени во училишниот спорт.

Задача	*Активност*	*Време на реализација*	*Носител*	*Начин на спроведување (ресурси)*	*Очекувани резултати*	*Одговорно лице*	*Потребен буџет*
Учество на екипите на сите натпревари општински, регионални и државни Оспособување на учениците за натпревари: применување на знаењата од техника и тактика во игра, примена на научените правила во игра, фер-плеј игра. Оспособување за колективно постигнување на успеси и индивидуален придонес во играта. Постигнување на успех на екипата. Развивање на натпреварувачки дух. Развивање на другарство, соработка, дружење.	Спортски игри екипно Кошарка (машки) Одбојка (женски) Фудбал (машки) Ракомет (машки и женски)	Септември -селекција на заинтересираните ученици Октомври учество на општинските натпревари во спортските игри Ноември - учество на општинските натпревари во спортските игри Декември анализа на резулта Јануари - подготовки Февруари, март и април учество на општинските натпревари во	Актив по физичко и здраствено образование	Спортска сала, топки, фудбалско игралиште и ја .	Постигнување на подобри резултати во сите спортски игри. Развивање на психомоторните способности. Развивање и усовршување на техничко тактички елементи во спортските игри. Развој на колективниот дух и меѓусебна толеранција.	Борко Божиноски Блага Јанева Светлана Трајковска Зоран Сивевски	Во зависност одалеченоста натпреварите користиме раз лична висина од буџетските сред

		спортските игри Мај финални натпревари Јуни анализа на постигнатите резултати					
Учество на трки на сите нивоа. Развој на психомоторните способности издржливост, сила и брзина. Развој на индивидуалните способности од моторички и психички карактер.	Крос натпревари	Октомври - есенски Април пролетен	Актив по физичко и здраствено образование и наставниците во одделенска настава.		Постигнување на добри резултати на сите трки во сите нивоа. Развој на психомоторните способности. Развој на натпреварувачки дух.	Актив по физичко и здраствено образование и одделенски наставници	
Учество на екипите на сите натпревари: училишни,општинси,регионалн државни. Оспособување на учениците за натпревари ипостигнување на подобри резултати екипно и поединечно.	Шах	Подготовки во текот на целата учебна година Мај финални натпревари	Актив по физичко и здраствено образование и одделенски наставници	Шаховски табли	Постигнување на добри резултати на натпревари на сите нивоа. Развој на интелектуалните способности, развој натпреварувачки	Актив по физичко и здраствено образование одделенски наставници	

Разво на интелектуалните способности. Развивање на натпреварувачки , Фер плеј игра.					дух и толеранција.		
Учество на натпревари на сите нивоа . Усовршување на сите техники на пливање и правење тактика за секоја дисциплина посебно. Развивање напсихомоторните способности издржливост, сила и брзина. Учество на натпревари на сите нивоа, развивање на другарство и фер плеј натпреварување.	Натпревари Пливање	Во согласност со предвиденото време на реализација од општината	Актив по физичко и здраствено образование и одделенски наставници	Базен	Постигнување на добри резултати на натпревари на сите нивоа. Развој на психомоторните способности, развој на натпреварувачки дух и толеранција.	Актив по физичко и здраствено образование одделенски наставници	Во зависност одалеченоста натпреварите користиме разл висина од буџет средства
Запознавање на учениците со правилата и реквизитите кои се користат во тениската игра. Запознавање со основните и правилно движење на теренот Освојување на поен и броење. Учество на училишни натпреварувања.	Тенис	Во согласност со предвиденото време на реализација од општината	Актив по физичко и здраствено образование и одделенски наставници	Рекет, топче и тениски терен	Развој на тенисот како спортска игра, негова имплементација за училишна возраст	Зоран Сивевски	Во зависност одалеченоста натпреварите користиме разл висина од буџет средства

Развивање на моторичките способности: издржливост и престој во природа.	Пешачење	Октомври - есенски Април пролетен	Актив по физичко и здраствено образование и одделенски наставници		Да се подобри издржливост на учениците и да се поттикне престој во природа.	Актив по физичко и здраствено образование одделенски наставници	
Мотивирање и запознавање на учениците со техничко тактичките подготови на активните спортисти во спортските игри.	Следење на натпревари	Во текот на целата учебна година	Актив по физичко и здраствено образование и одделенски наставници		Подигнување на свеста на учениците за следење на спортските натпревари.	Актив по физичко и здраствено образование одделенски наставници	

Изработиле: Светлана Трајковска; Светлана Николовска; Марица Петроска; Зоран Сивевски; Зорица Тренеска;

Секции и слободни ученички активности

Во училиштето се формирани секции и се реализираат слободни ученички активности од III- IX одделение. На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците кои секции ги нуди училиштето и кои наставници ги реализираат истите. Според изборот на учениците, според нивните желби и афинитети, се формираат секциите, се одредува времетраењето и терминот на одржување. За слободните ученички активности родителите се информираат на првата родителска средба.

За потребните ресурси(анкети, список на ученици, рапоред, време на одржување), вклученост на надворешни соработници, членови од Советот на родители, за општите и конкретни цели секој актив образложува во својата годишна програма.

Во реализацијата на секцијата се вклучуваат надворешни соработници и родители.

Дел од секциите ќе бидат реализирани со партнер училиште во склоп на проектот „За меѓуетничка интеграција“.

Секции кои се реализираат се:

- Литературна секција
- Драмска секција
- Новинарска секција
- Секција странски јазици- англиски, германски
- Математичка секција
- Млади физичари
- Млади хемичари
- Млади историчари
- Млади биолози
- Природонаучна секција
- Географска секција
- Етичко списание- етика за ученици

- Унапредување на демократија
- Библиотекарска секција
- Пеачко ритмичка секција
- Музичко ритмичка секција
- Ликовна секција
- Екологија
- Слободни технички активности(конструкторство, градежништво, архитектура, роботика и автоматика)
- Слободни спортски активности(фудбал, кошарка, ракомет, одбојка)

Секција	***Носител на активност***	***Возраст (одделение)***	***Време на реализација***
Литературна секција	Јагода Серафимовска Весна Кочовска Васа Топузовска Зорица Симоновска Антоанета Стефановска	VI, VII VI VII /8 III V	еднаш седмично
Драмска секција	Јагода Серафимовска	VIII /9	еднаш седмично
Новинарска секција	Марјан Костовски	VIII /9	еднаш седмично
Странски јазици- англиски јазик	Билјана Наумовска Десанка Милковска Сузана Буневска	VIII VII /9 VIII /9	еднаш седмично
Странски јазици- германски јазик	Емилија Наумова Цветанка Николовска Гегај	VIII /9 VII	еднаш седмично
Математичка секција	Ирена Станкова Анкица Николова Елена Крстеска Слаѓана Милановска	VIII /9 VII VI /9 VIII/8	еднаш седмично

Млади физичари	Веселинка Наунчевска	VIII /8, VIII /9	еднаш седмично
Млади хемичари	Виолета Димитриева	VIII /8, VIII /9	еднаш седмично
Млади историчари	Невена Петковска Божо Бубало	VI, VIII /9 VII /9, VIII /8	еднаш седмично
Природонаучна секција	Емилија Васовиќ Чоловиќ	VI	еднаш седмично
Млади биолози	Благородна Спировска Трајанка Јовановска	VIII /8, VIII /9 VI, VII	еднаш седмично
Географска секција	Снежана Пелева Весна Никовска Милеска	VIII /8, VIII /9 VII	еднаш седмично
Етичко списание- етика за ученици	Димитар Даскалов	VII	еднаш седмично
Унапредување на демократија	Билјана Смилевска	VII /8	еднаш седмично
Библиотекарска секција	Лазар Матески	VII	еднаш седмично
Пеачко ритмичка секција	Невена Огненовска (Симона Марочковска- замена)		еднаш седмично
Музичко ритмичка секција	Семика Рамиз (Дејан Миленковски-замена)	VI, VII, VIII /9, VIII /8	еднаш седмично
Ликовна секција	Соња Поповска Трајковска Ирена Балкоска Вехбије Алексовска Сашка Парталоска Катица Д. Муратовска Жаклина Степаноска (Вита Трајческа-замена) Лидија Гркова Добрица Трајаноска	VI, VII, VIII III III III IV IV	еднаш седмично

	Славица Кушевска	IV V V	
Екологија	Анета Корун	V	еднаш седмично
Слободни технички активности-конструкторство, градежништво, архитектура, роботика и автоматика	Јани Ангеловски- конструкторство, градежништво, архитектура Марика Дурлевиќ- роботика и автоматика	VI, VIII /8 VIII	еднаш седмично
Слободни спортски активности-фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, шах)	Светлана Трајковска- одбојка, шах Борко Божиновски- фудбал Блага Јанева- кошарка Зоран Сивевски-кошарка, одбојка Светлана Николовска Лидија Јованова (Тина Дишлиевска - замена) Соња Јовановска Габриела Мисовска Горица Божиновска Олгица Стефковска Гордана Атовска Марица Петроска Велибор Јовановски	VI /9, VIII /9 VII, VIII /8, VIII /9 VIII /8, VIII /9 VIII /8, VIII /9 III III III IV IV IV V V V	еднаш седмично

Изработиле: Ирена Грујовска Циолиас, Наташа Кузмановска, Славица Кушевска, Даниела Герковска, Васа Топузовска, Снежана Пелева

Ученички натпревари

Како една од одговорните задачи на училиштето за откривање, поттикнување и канализирање на ученичките способности во сите области е организирање училишни натпревари. Училишните натпревари се организираат пред планираните натпревари од повисок ранг со цел да се одреди кои од учениците ќе го претставуваат училиштето понатаму. Учество може да земат заинтересирани, солидни и талентирани ученици според однапред подготвен план и програм за натпревари. Наставниот кадар се залага за постигнување на високи резултати на училиштето преку тимска работа.

Училиштето зема активно учество и во натпревари од повисок ранг по предмети за кои се организираат истите. Споменатите активности допринесуваат за афирмација на училиштето и самите ученици – учесници, кои го вложуваат својот максимум за реализација на сопствените афинитети и вештини.

Задача	***Активност***	***Време на реализација***	***Носител***	***Начин на спроведување ресурси***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***	***Потребен буџет***
Организирање на училишни натпревари	Спроведување на натпреварот	Второ или четврто тримесечје (во зависност од предметот)	Наставници и ученици	Планирање, селектирање и одбирање на солидни ученици, распоред, тестови, ранг листа, записник	Распоред, тестови, ранг листа, записник	Успешна реализација, транспарентност и навремеост во информирањето, продлабочување на знаењата и вештините на учениците, избор на најталентираните ученици кои ќе одат на натпревари од повисок	Наставници - ментори	

						ранг.		
Организирање на натпревари од повисок ранг - Општински, градски, државни, меѓународни	Одржување менторски активности за подготовка на учениците	По покана, објавени конкурси	Наставници и пласирани ученици	Дополнителни активности и тимска подршка со пласираните ученици, соработка со институции од повисок ранг	Тестови со задачи на повисоко ниво на знаење, стандардизирани тестови, електронски тестови, чек листи	Развивање натпреварувачки дух , стекнување самодоверба, продлабочување на знаењата и вештините на учениците, стекнување на поширок сознанија, афирмација на учениците и училиштето	Наставници - ментори	`

Изработиле: Сузана Буневска,Соња Поповска Трајковска,Сашка П. Гроздановска, Ангелика Недевска

Општествено хуманитарна работа

Цел

Хуманоста нема граници –мото кое постојано го негува нашето училиште.

Целта е да се поттикне хуманоста кај секој поединец вклучувајќи ги учениците родителите, наставниците.

Задача:

Хуманоста се негува и манифестира преку организирање на базари, хепенинзи, хуманитарни акции што подразбираат - собирање парични средства, донирање на облека, училишен материјал, книги и друго.

По потреба нашето училиште секогаш е спремно хумано да помогне на секого на кого му е потребна помош.

Задача	Активност	Време	Носител	Ресурси	Очекувани резултати	Одговорно лице
Да се поттикне хуманоста кај секој поединец	Собирање парични средства	Постојано	Ученици, наставници, родители	Акционен план	Развивање хуманост и позитивен однос	Одделенцки наставници, одделенски раководители
Преку креативност да се поттикне хуманоста	Донирање на училишен прибор и стручна литература	Постојано	Ученици, наставници, родители	Годишна програма	Позитивен однос кон хумани вредности	Наставници, ученици
Преку креативност да се поттикне хуманоста	Базар и продажна изложба по повод патрониот празник на училиштето.	Октомври 2013	Ученици, наставници, родители	фотографии, медиуми	Позитивен однос кон хумани вредности	Директор, стручна служба, наставници
Заемна помош	Донирање на користена облека	Октомври, Декември, Ап	Ученици, наставници, родители	Записници, фотографии	Да се поттикне желбата за помоќ	Благородна Спировска
Несебично помагање	Одбележување на денот на хендикепирани лица	Декември	Ученици, наставници, стручна служба	Годишна програма	Еднаквост за сите	Директор, стручна служба, наставници
Несебично помагање и взаемна помош	Донации за ученици од социјално загрозени семејства од нашето училиште	По потреба	Ученици, наставници, стручна служба	Акционен план	Да се поттикне хуманоста	Директор, стручна служба, наставници
Соработка со надворешни институции	Посета и донации од училиштето до старски домови, домови за деца без родители	По потреба	Ученици, наставници,директор, стручна служба	Фотографии, медиуми, записници	Да се поттикне желбата за помош и соработка	Директор, стручна служба ,одговорни наставници

Изработиле:Благородна Спировска,Биљана Наумовска,Габриела Мисовска,Вехбие Алексовска

Еко патроли

Задача	***Активност***	***Месец***	***Носител***	***Начин на спроведување (реусрси)***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***	***Потребен буџет***
Да се зачува живот средина	- грижа за хигиената и здравјето - штедење на енергија и вода - одржување на зелени површини	IX, X, XI, XII, I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII IX, X, XI, XII, I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII IX, X, XI, XII, I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII	ученици вработени родители соработници	- еко патроли - следење - истражувања - проекти - садници	- формулар - анкети - литература - мерни инструмен - евидентни листови	зачувување на животната средина	- Веселинка Наунчевска - Анета Корун	- за хартија - за садници

Да се подигне еко свеста	- еко пораци - работилници - укажувања	IX X, XII, II, IV, VI, VIII XI, I, III, V, VIII	ученици вработени родители соработници	- еко пораци - флаери - изложби - power презентација - видео материјал	- компјутер - изработки - фотографии	развиена еко свест	- Јагода Серафимовска - Сања Соколовска - Вита Трајческа	- за хартија - за фото апарат - материјали за изложба
Да се спрове еко знаењата	- еко акции (садење, одржување, наводнување, рециклирање, собир акции, хуманитарни и прод) - информации	IX, X, XI, XII, I, II, III, IV, V, VI IX, X, XI, XII, III, IV, V	ученици вработени родители соработници	- медиуми - реклами - плакати - саеми - спортски активнос	- снимки – CD - изработки - евидентни листови	примена на еко знаењата	- Анета Корун - Виолета Ѓоргие - Вита Трајческа	- за хартија

	- соработка со други училишта и локална средина - одбележување на еко денови	X, XII, III, V IX, X, III, IV, V, VI						

ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигнување на учениците

Анализата на постигањата на учениците од изминатите три години се наведени во самоевалуацијата. Како цел за оваа учебна година се планира обука за наставниците за реализирање на ИОП.

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОБУКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ (ИОП)

Задача	***Активност***	***Месец***	***Носител***	***Начин на спроведување (ресурси)***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
Да се оддржи обука за ИОП на наставниците за работа со деца со посебни потреби	Обука на наставниците за ИОП	септември	Инклузивен тим	Видео материјали, стручен материјал	Предавања, работилници	Оспособеност на наставниците за изработка на индивидуалните планирања за деца со посебни потреби	Инклузивен тим

Изработиле: Соња Јовановска, Анкица Николовска, Ирена Станкова

Напомена: Програмата за поддршка на учениците и наставниците како и за прогамата за професионална ориентација на учениците е изработена од страна на стручната служба.

Постигањата на учениците се промовираат во самото училиште(огласна табла, разглас, училишен весник) и надвор од училиштето (училишен весник ,,ОКО,, на веб страната на училиштето, на web страната на Општина Карпош, ...).

Програма за професионална ориентација

Секоја професија има свои барања и специфичности. Разновидноста на професиите соодветствува со разлиноста на психофизичките способности кај поединците.

Целиот процес на професионална ориентација има само советодавен карактер, а конечната одлука за тоа како и каде ученикот ќе го продолжи школувањето го донесуваат семејството и ученикот.

Професионална ориентација

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се насочат и одлучат кон професиите, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности, професии во кои ќе имаат најмногу изгледи за успех и добра прилагоденост.

Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

-професионално информирање

-професионално советување

-евалуација-следење на остварeното советување

Професионално информирање

Целта на професионалното информирање е ученикот да се запознае со сите релевантни карактеристики и особености на професијата која би можел да ја избере.

Професионално советување

Професионалното советување е психотераписки процес со кој се дејствува врз формирањето на личноста на ученикот и се применува континуирано низ целото основно образование,со особено акцентирање во осмото одделение.Советодавачот мора да ги познава учениците,од секој од следните аспекти:

-здраствена состојба

-психолошки развој

-социјален статус

-интелектуален капацитет

- материјална состојба

- заинтересираност на семејството

- ставови на родителот

Евалуација- следење

Третата фаза на професионалната ориентација се одвива во периодот кога учениците не се веќе во основното училиште туку во некои од средните училишта,каде што по можност би се продолжило со следење на учениците.

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Задача/ цел	***Активност***	***Време***	***Носител***	***Начин на спроведување (ресурси)***	***инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
Формирање на комисија за професионална ориентација	Избирање на членови Во комисијата	Септ.	Директор психолог		Разговори, интервју	Формирана комисија	психолог
Евалуација- следење на завршените ученици од минатата учебна година	Евиденција на повратни информации	Септ.	психолог	Писмени информации од средните училишта	Анализирање, споредување	Успех во запишу вање во сред. училишта на сите учени.	психолог
Запознавање со одредени професии Во училиштето,преку разговори, работилници ,драматизација	Одд. часови , одд. раководители да ги посветат на правилниот избор на професија	Септ. мај	Психолог Одд. раководите	Учебници, дидактички материјал, брошури	Драматизација,ан анкети	Стекнување и збогатување со	Одд. раководители
Запознавање со одредени професии во локалната средина	Посета на блиска работна организација	Октом	Одд. раковод	Работна организација, водич, фотоапарат,	Разгледување поставување прашања,интер вју, фотографир	Сознанија за потребите и одговорностите за професијата	Психолог Одд. раководители
Запознавање со одредени професии, преку искуства на родители	Разговори со родители - претставници од одделни струки и занимања	Ноем.	Психолог,Одд. раководители родители.	Видео снимки брошури	Разговор,стручни материјали, фотографии	Сознанија за потребите и одговорностите	Психолог Одд. раководит

						на професиите	
Писмени искажување и размислув ање за училиштето во кое ќе се запишува и идна професија	Писмена вежба на тема,,Што сакам да бидам“(македонски јазик)	Декем	комисија за професионална ориентација	Тетратка за писмена	Анализа, споредба, идентификациј а	Создавање на за своите инт	Наставник Макед. јаз
Искажување на размислување за училиштето во кое ќе се запишува идна професија преку цртеж	Сликање на часот по ликс образование на тема: „Мојата идна професија	Декем.	комисија за професионална ориентација	Прибор за ликовно	Цртеж, идентификација	Создавање на за своите инт	Наставни. Ликов. обра
Запознавање со условите,струки предметите во средните училишта	Посета на средни училишта,саем на знаење	Февру	Психолог Одд. раководи	Обезбеден п до училиште	Поставување прашања, разгледување	Согледување на условите во учил. услови за упис, струки	Психолог Одд. раководи
Запознавање на учениците со поголем број на средни училишта градот	Истакнување на информативен материјал одредено место во учили	Февр. јуни	Психолог ученици	Табло, информативе материјал	Добро осмислени брошури	Поголема информираност на учениците	Психолог
Прифаќање на насоките на МОН, и збогатување на инструментите за професионална ориентација	Соработка со Заводот за вработување - сектор за професионална ориентаци	Март	Психолог	Пишани информации,	Инструкции, за контакт т во Завод за вработу	Поголем избор на инструменти за професионалн на ориентација	Психолог
Презентирање на средни училишта пред учениците од осмо одделение	Видео презентации, искус на ученици	февр јуни	Претставници средни училиш	Видео и пропаганден материјал	Пропаганден и информативен материјал	Стекнување објективна слик училиштето .	Претставници на средни учил

Идентификување на интересите и способностите на учениците	Спроведување на тесто способности и и интере	Февру. март	Психолог	Листи за одго	Тестови	Интерес ,прифаќ соработка при тестирањето	Психолог
Информирање на учениците за покажаните резултати на тестот	Индивидуални разговори учениците при презентира на резултатите од претход тестирања	април мај	Психолог	Резултати од анализирани тестови	Препораки мислења	Размислување во правец на добиен препораки	Психолог

Изготвил: Виолета Ѓорѓиева - психолог

Превентивни програми

Во училиштето се организираат активности кои опфаќаат превенција од насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, безбедност и грижа за социјално ранлива група на ученици.

Цел: Преку организирање на активност во училиштето, посета на установи, социјални активности за интеракција, преку спработка со установи за безбедност и за социјална гржа, се дејствува на правилното однесување на учениците и подобрување на соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и пштествената заедница.

Забелешка: Училиштето може да направи дополнителна програма според потребите

АКЦИОНЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Задача/ цел	***Активност***	***Време***	***Носител***	***Начин на спроведување (ресурси)***	***инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно Лице***
Одржување предавање за препознавање и видови на насилство	Слушање предавања за последиците од насилството	Октомври	Училиштен тим	Предавање за ученици, родители инаставници	Табели, устен приказ	Свест за последиците од насилството	Училиштен тим
Одржување работилници	Работилници за причините за насилно однесување	Ноември	Училиштен тим	Работилници за ученици, родители и наставници	Упатство, поделба во групи, излагање	Свест за причините од насилството	Училиштен тим
Превенција и укажување на последиците од употреба на алкохолни пијалоци	Предавање од областа на превенција од алкохолизамот	Септември	Училиштен тим	Усни презентации и брошури	Дискусии, повратни информации од учениците	Развивање свест кај учениците за сериозноста од алкохолизамот и потребата од навремена превенција	Наставницби ологија, стручни лица
Превенција и укажување на последиците од употреба на опојни средства	Предавање за превенција од дрога	Февруари	Училиштен тим	Усна презентација, и нагледни средства	Дискусија, слајдови	Информираност на учениците за начините на превенција од дрога	Наставници биологија, психолог, педагог, стручни лица

Информирање од стручни лица од областа на безбедност	Предавање на лица од МВР и Полициска станица Карпош	Март	Стручни лица	Предавање, работилница	Усно претставување	Усвојување и проширување на знаењата од областа на безбедноста	Нставници, тимот за ненасилство
Хуманитарна помош на социјално згрозени ученици	Организирање хуманитарни продажни акции, собирни во храна, облека и финансиски средства	Септември - Јуни	Детска и Младинска организација	Собирање на доброволни прилози (касичка), материјални добра	Училишна касичка	Поттикнување на солидарност и сплотеност меѓу учениците	Одделнски раководители, наставници
Одржување предавање за последиците на асоцијалното однесување	Предавање на стручни лица за детектирање, превенција и модули на пристап при асоцијално однесување кај учениците	Декември	Стручни лица	Усна презентација	Дискусии, повратни информации од учениците	Сфаќање и прифаќање на потребата од превенција на асоцијалното однесување.	Наставници, психолог, педагог
Укажување на сериозноста, застапеноста и последиците од асоцијалното однесување, како и негова превенција	Работилници за причините за асоцијално однесување	Април	Стручни лица	Предавање за ученици, родители инаставници	Дискусии, повратни информации од учениците, драматизација	Сфаќање и прифаќање на потребата од превенција на асоцијалното однесување.	Наставници, психолог, педагог

Изготвиле: Благородна Спировска, Олгица Стефковска, Виолета Ѓорѓиева , Марјан Костовски, Димитар Даскалов

Безбедност во училиштето

Училиштето има важна улога во грижата за безбедноста на учениците и вработените. Притоа, акцент се става на безбедноста на учениците и во објектот, кој е 85 % од дрвена конструкција, поради што има направено проект за евакуација или безбедно напуштање на објектот во случај на пожар, земјотрес и други природни непогоди. Со таа намера, на одредени места во дворот се поставени зелени стрелки (облежја) кои го означуваат правецот за безбеден излез.

АКЦИОНЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Задача	***Активност***	***Време на реализација***	***Носител***	***Начин на спроведување(реусрси)***	***инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
Безбедност на учениците и вработените во училиштето	Обуки на ученици и вработени за препознавање и следење на поставени те знаци за евакуација	Септември 2013	Работна група, вработени и ученици	предавања, интеракција, разговори, работилници	Флаери, Видео надзор	Подобрени безбед носни услови	Работна, група за безбедност, составена од вработени
Безбедност на учениците и вработените во училишниот двор	Одбележување на места, собирни, пунктови за безбедносен престој за време на непогода	Во почетокот на учебната година	Работна група вработени и ученици	работилница и практична вежба	упатства и флаери	Покачена безбедност во услови на непогода	Работна група
Заштита од пожари	обука на вработените од надворешни стручни лица за ракување со ПП апарати	Октомври, 2013	Надворешни лица од соодветни институции	предавање и практична вежба	ПП апарати, хидрантни црева	Стекнати знаења за ракување со ПП апарати	Работна група

ПОЗИТИВНА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

Емотивно ранливи групи ученици

Приоритетна цел особено во образовниот систем е почитување на правата на децата за психичка и физичка недопирливост . Затоа во образовниот и воспитен систем акцент се става на менталното здравје и самопочитта на децата.

Обликот на лошо однесување кон децата и запоставување на нивните потреби што ги повредува или им нанесува болка спаѓа во физичка сексуална, емоционална злоупотреба на децата, а ваквите деца во себе носат бројни трауми кои ги искажуваат преку агресивно однесување, деликвенција, злоупотреба на супстанции и сл.

Акциски план за работа со деца со емотивно ранливи групи ученици 2013/2014

Задача	*Активност*	*Време*	*Носител*	*Начин на спроведување (реусрси)*	*инструменти*	*Очекувани резултати*	*Одговорно лице*
Препознавање на децата со емоционални проблеми	Разговори Анкетирање	септем. октом.	Стручна служба	Човечки ресурси Стручна литерат	Анкети Прашалници Евидентни листи	Навремено идентификување и третирање на проблемот	Стручна служба
Вклучување на родителите	Разговори Работилници	по потреба	Стручна служба Настав ниц Родители	Компјутер Хартија	Подготвен стручен материјал Анкети	Подигање на свеста на родителите	Стручна служба

Следење на прифатеноста во паралелката	Анкетирање Дискусии	ноември. јануари мај	Стручна служба Настав ниц	Наставници Родители Ученици	Анкети Записници Протоколи	Прифаќање и вклу-чување	Наставници Стручна служба
Соработка со одделенски раководител и предметни наставници	Состаноци	по потреба	Настав ници Стручна служба	Простор Човечки ресурси	Извештаи Записници Мислења Цртежи	Продлабочена сора-ботка со наставни-ците и стручната служба	Стручна служба Наставници
Стручно согледување на проблемот	Контакти со стручни лица и професионал	октом. мај	Стручна служба	Надворешни стручни лица Стручна литерат	Записници Извештаи	Професионално усовршување	Стручна служба Надворешни Стручни лица
Соработка со соодветни стручни лица надвор од училиштето	Состаноци Трибини	Октом. Ноемв ри	Стручна служба Надвореш ни струч ни лица	Човечки ресурси Надворешни стручни лица Простор Технички помага	Табели Прашалници Протоколи	Решавање на проблемите на пови соко професионал но ниво	Стручна служба Надворешни стручни лиц
Вклучување на детската организација во решавање емоционални проблеми	Работилница	Ноемв ри	Членови да Детска орг. Стручна служба	Хартија Пенкала Технички помага	Табели Прашалници Игри Цртежи	Вклучување на учениците во работата	Ученици Наставници Стручна служба
Индивидуална работа со ученици со емоционални по тешкотии	Интервју Разговор	по потреба	Стручна служба	Човечки ресурси Стручна литература	Прашалници Записници Анкети Цртежи	Надминување на емоционалните проблеми	Стручна служба
Континуирано следење	Водење записници Аналитичко следење Разговори Состаноци	по потреба	Стручна служба	Човечки ресурси Стручна литература Технички ресурс	Листи за следење Прашалници	Решавање на емоционалните проблеми	Стручна служба Наставници

Вклучување во еко активности	Еко приредби Изложби Базари Денот на дрвото	ноември март април	Наставници Ученици	Садници Еко материјали Цртежи Честитки	Извештаи Аналитички листи Фотографии	Подигање на еколошка свест	Наставници Ученици Стручна служба

Изработиле: Виолета Ѓорѓиева – психолог, Милка Ивановска - педагог

ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Хигиена, систематски прегледи и вакцинирање во училиштето

Училиштето има важна улога во грижата за здравјето на учениците. Тоа обезбедува оптимални услови за реализирање на програмите за здравствена заштита и здравствено воспитување. Дел од задачите на училиштето се да ги запознае учениците со здравиот начин на живот, да го зголеми фондот на здравствени знаења и да поттикне формирање на здравствено-хигиенски навики кај учениците, изградување на здрава личност (психички и физички), способна за грижа на своето здравје, здравјето на семејството и поблиската околина. Училиштето презема хигиенско-епидемиолошки мерки за подобра заштита на учениците и организира систематски прегледи и вакцинации со цел следење на здравствената состојба на учениците и превенција од заразни болести.

Систематските прегледи и вакцинациите се одвиваат во поликлиника "Ѓорче Петров". Поликлиниката, според свој распоред, ги известува училиштата за термините на изведување на систематските прегледи и вакцинации во текот на годината.

Задача	Активност	Време на релизација	Носител	Начин на спроведување (реусрси)	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице	Потребен буџет
Грижа за хигиената	проверка на хигиена		одд. наставник, одд. раководител	соработка, предавања, интеракција, разговори, предавања, работилници	евидентни листи	подобрена свест за хигиената кај учениците	Наставници и ученици	Според планираните средства во Годишниот план за јавни набавки наменети за одржување на хигиената на училиштето
Грижа за училницата	чистење на училници		ученици, наставници, одд раков	ракавици, хигиенски сретства за чистење	еко патрола	подобрена свест за важноста на чиста училница	Наставници и ученни	
хигиена во училишниот двор			одд. наставник, одд. раководител, ученици	ракавици, вреќи, лопати, гребла	еко патрола	подигање на свеста за одржување на хигиената во училишниот двор	Наставници и ученици	
Грижа за здравјето на учениц.	систематски преглед за прво одд.		одд. наставник и родител	систематски преглед на учениците во поликлиника "ѓорче петров"	евиденција за извршен систематски преглед во здравствена книшка	навремено известување за здравствената состојба на ученикот	одд.наставн.	
Грижа за здравјето на учениц.	систематски преглед за второ одд.		одд. наставник, ученик и родител	систематски преглед - залевање на забите на учениците во поликлиника "ѓорче петров"	евиденција за извршен систематски преглед - залевање на забите во здравствена книшка	навремено известување за состојбата на забите на ученикот	одд.наставн.	
Грижа за здравјето на	систематски преглед за трето одд.		одд. наставник, ученик и родител	систематски преглед - залевање на забите на учениците во поликлиника	евиденција за извршен систематски преглед - залевање	навремено известување за здравствената и состојбата на забите	одд.наставн.	

учениц.				"Ѓорче петров"	на забите во здравствена книшка систематски преглед	на ученикот	
Грижа за здравјето на учениц.	систематски преглед за четврто одд.		одд. наставник и родител	систематски преглед - залевање на забите на учениците во поликлиника "ѓорче петров"	евиденција за извршен систематски преглед - залевање на забите во здравствена книшка	навремено известување за здравствената и состојбата на забите на ученикот	одд.наставн.
Грижа за здравјето на учениц.	систематски преглед за петто одд.		одд. наставник и родител	систематски преглед - залевање на забите на учениците во поликлиника "ѓорче петров"	евиденција за извршен систематски преглед - залевање на забите во здравствена книшка	навремено известување за здравствената и состојбата на забите на ученикот	одд.наставн.
Грижа за здравјето на учениц.	систематски преглед за седмо одд.		одд. раководител, ученик и родител	систематски преглед на учениците во поликлиника "ѓорче петров"	евиденција за извршен систематски преглед во здравствена книшка	навремено известување за здравствената на ученикот	одд. раководител
грижа за здравјето на учениц.	вакцинација во второ одделение		одд. наставник, ученик и родител	здравствен преглед, вакцинанција со вакцина ТВС	евиденција за извршена вакцинација во здравствена книшка	превенција од туберкулоза	одд.наставни.
грижа за здравјето на учениц.	вакцинација во осмо одделение		одд. раководител, ученик	здравствен преглед, вакцинанција со вакцина DTP и Рубеола (девојчиња)	евиденција за извршена вакцинација во здравствена книшка	превенција од дифтерија, тетанус, пертусис и рубеола	одд.наставн.

Едукација за здрава исхрана

Нашето училиште има стратегија за водење на грижа за здравјето на секој ученик. Во контекст на тоа се организираат предавања за здрава и правилна исхрана од страна на одделенските наставници, одделенските раководители, одговорни наставници по Биологија, Унапредување на здравје и Вештини за живеење. Посебен акцент се става на врсничката едукација. За постручна информација се контактираат стручни медицински лица. И треба да се знае дека здравата исхрана е превенција за многу заболувања. Стручни предавање од областа на здравството.

Задача	***Активност***	***Месец***	***Носител***	***Начин на спроведување (ресурси)***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***	***V x***	***Потребен буџет***
Правилна исхрана на учениците	Предавања за правилна исхрана	IX-VIII	-Одделенски раководители -Одделенски наставници -Наставници по биологија -Стручни лица	Интеракција, соработка, работилници, предавања	Анкети	Правилна исхрана	Благородна Спировска Трајанка Јовановска Марика Дурлевиќ	V	
Грижа за здравјето на учениците	Предавања, презентации, врсничка едукација	X, XII, II, IV	-Ученици -Наставници -Стручни лица	Предавања, презентации, соработка, интеракција	Подготвка и изработка на проекти, евидентни листови, дневник за начин на исхрана	Исхраната во корист на здравјето	Благородна Спировска Трајанка Јовановска Марика Дурлевиќ	V	
Со правилна исхрана до подобро здравје	Посета на саем за здрава храна и предавања	XI, IV	-Одделенски раководители -Одделенски наставници -Наставници -Стручни лица	Предавања,Power Point презентација, дегустација на здрава храна	Пополнување на формулари	Подобрување на здравје преку правилна исхрана	Благородна Спировска Трајанка Јовановска Марика Дурлевиќ	V	

Здрава храна како превенција од разни заболувања	Предавања од стручни лица – медицински лица	IX, X, V	-Ученици -Родители -Наставници -Стручно медицински лица	Предавања, презентација, интеракција	Изработка на проекти и презентација	Превентивно делување на одредени болести преку здрава и правилна исхрана	Благородна Спировска Трајанка Јовановска Марика Дурлевиќ Dr. Нела Деспотовска	V	

Цел: Целта на овие предавања е учениците да осознаат како со превенција можат да го заштитат своето здравје

Активности: Взаемна соработка со стручни медицински лица, предавања, дискусии и дебати.

УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Дисциплина

1.КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ
-Кодексот на однесување во училиштето е изработен по пат на работилница од стрена на наставниците(прилог) Во месец ноември се планира спроведување на анкета за успешноста во примена на кодексот. Со анкетата ќе бидат опфатени наставници,родители и ученици.

2.ДЕЖУРСТВА НА НАСТАВНИЦИ ВО ХОДНИЦИ И УЧИЛИШЕН ДВОР
-Дежурствата на наставниците се определени според распоредот на часовите.Дежурства има пред почетокот на наставата и за време на големиот одмор,во ходниците и во училишниот двор.Распоредеот за дежурни наставници е истакнат на огласна табла во наставничка канцеларија,на влезот на училиштето и по ходниците.

3.ДЕЖУРСТВА НА УЧЕНИЦИ ВО ПАРАЛЕЛКА
-Класните раководители одредуваат дежурни ученици секоја недела по двајца според именикот во дневникот

4.ДЕЖУРСТВА НА УЧЕНИЦИ НА ВЛЕЗОТ НА ВРАТА
-Дежураат ученици од повисоките одделенија(седмо и осмо одд).Од секоја паралелка по двајца дневно.Дежурните ученици водат евиденција кој влегува во училиштето и кај кој оди(задолжително пријавување наставник или друго лице)

5.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО
-По пат на јавни набавки Советот на родители од три и повеќе понуди вршат избор на ангенција која е ангажирана за обезбедување на објектот.Тоа е агенција“БРАНИТЕЛ“,која работи од 07 до 19 часот и воедно се грижи за редот и дисциплината во училиштето.
Во училиштето има обезбедено и видео надзор.

6.ВОДЕЊЕ НА ПИСМЕНА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТЕКОВНИТЕ ЗБИДНУВАЊА ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОРИТЕ
-Одговорниот насатавник (дежурниот) доставува писмен извештај за евентуалните нарушувања на дисциплината во училиштето во тетратка за евиденција.

Сите вработени во ООУ "ДХД" се одговорни за редот и дисциплината за секој работен ден.

Акционен план за дисциплина во училиштето

Задача	***Активност***	***Носител***	***Начин на спроведување(ресурси)***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
Да се почитува Кодексот и Куќниот ред на училиштето	Примена на правилата за однесување	Наставници, ученици, родители	Изготвен кодекс и Куќен ред и примена на истите	Кодекс на однесување, Куќен ред на училиштето, Правила на однесуваање во секое одделение	Воспоставен ред и дисциплина за време на текот на наставата и на одморите	Учениците и наставниот кадар
	Воспоставување на ред во училиштето	Наставници	Дежурење на наставници во ходниците и во училиштниот двор	Распоред на дежурства за наставниците	Подобрување на редот и дисциплината во училиштето	Наставници
	Воспоставување на ред во паралелката	Дежурни ученици и настаник	Дежурење на дежурни ученици во училилницата за време на големиот омор	Според списокот по азбучен ред во деневниците	Подобрување на редот и мирот во одд	Наставник,ученик
	Водење евиденција за секое ново лице во училиштето	Дежурни ученици	Дежурење на ученици од осмо одделение на влезот од централниот дел на училиштето	Тетратка за евиденција	Забележување на влегување и излегување во училиштето	Наставници,ученици,обезбедување
	Обезбедување на објектот и вработените со учениците	Вработени од агенција за обезбедување на училиштето	Следење и запишување со мониторинг	Тетратка за евиденција и видео надзор	Одржување на ред и мир во училиштето	Обезбедување

	Водење на писмена евиденција	Наставници,стручна служба, агенција за обезбедување на училиштето	Следење и запишување	Тетратка за евиденција	Евидентирање на тековните случувања кој ја нарушуваат дисциплината	Дежурен наставник

Изготвиле: Гордана Атовска, Борко Божиноски, Лазар Матески, Марица Петроска, Антоанета Стефановска

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетско уреденият простор е стимулативна средина за работа и учење, затоа во училиштето се обрнува големо внимание за постојано уредување и одржување на просторот.

Во овие активности се вклучени наставници, родители и ученици.

ЦЕЛ: Да се развива одговорност кон естетско уреденият простор и ученичките трудови, да се развиваат способности за естетско и функционално уредување на просторот.

Акциски план за активности на училиштето за функционално и естетско уредување на просторот во училиштето

Задача	***Активност***	***Време***	***Носител***	***Начин на спроведување(реусрси)***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
1. Средување на училиштето за почетокот на учебната година	Средување на училници и ходници	август	наставници	детски трудови, плакати, цвеќе	Естетски уреден простор	Одговорен тим
2. Подготовка на училиштето за патрониот празник	Средување на училишните паноа и бината	октомври	Наставници и ученици	Детски трудови, Цвеќе, бои	Соодветно и естетски уреден простор за одбележ. на патронатот	Одговорен тим, наставници

3. Средување на училниците и училиштниот простор во согласност со годишното време	Изработка на творби од различни материјали Средување на училници и ходници	Есен, Зима, пролет, лето	Наставници, ученици, родители, Стручна служба, домаќин, хаусмајстор	Разни изработки, Природни материјали	Естетски уреден простор Соодветносо годишното време и пријатна работна атмосфера	Одговорен тим
4. Естетско средување на просторот по повод одбележување на празници	Изработка на украси и творби во зависост од празникот кој што се одбележува и украсување на училишниот простор	Во текот на целата учебна година	Наставници, ученици, родители	Украси, елки, плакати, корпи, венци, честитки,	Пријатна празнична атмосфера и Почитување на мулти етничките разлики	Одговорен тим
5. Еко уредување на училишнот простор	Изработка на творби, украсување на училници, ходници, хол и двор на училиштето	Во текот на целата учебна година	Наставници, ученици, родители	Еколошки материјали, Човечки ресурси, садници	Развивање на еколошка свест	Одговорен тим

Изработиле: Анета Ѓорѓиевска, Катица Дуковска Муратовска, Милка Ивановска, Веселинка Наунческа

Етички кодекси

Во училиштето тимски на состаноците на Наставничкиот совет и состаноците на Стручните активи, на одделенските часови на состаноците на ученичките заедници и на состаноците на Советот на родители се изготвени етички кодекси на сите структури вклучени во воспитни-образовниот процес: ученици, наставници и родители.

К О Д Е К С НА О Д Н Е С У В А Њ Е Н А

НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

1. Основни норми и начела

- **Почитување на интегритетот и достоинството на личноста** на учениците, наставниците, родителите и другите вработени во училиштето;
- **Еднаквост и праведност,** при што би се исклучила секаква дискриминација, злоупотреба или искористување;
- **Професионално однесување** - одговорно, совесно, професионално и етички беспрекорно да ги исполнуваат сите свои обврски и со своето однесување да ги следат принципите на објективност, љубезност и толеранција;
- **Доживотно учење** и професионален развој, како и тимско работење;
- **Флексибилност** – да се прифати дека барањата можат да се променат неколку пати во текот на професионалната кариера и да не се интерпретира професионалноста како изговор за отпор кон промените;
- **Отвореност** - за соработка со родителите, институции, училишта и сл.;

2. Наставникот, односно стручниот соработник извршувајќи ја својата работа е должен:

- да ги почитува законските одредби, правилниците и одлуките во училиштето;
- навреме и квалитетно да ги извршува работните должности предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работењето на училиштето;

- професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- секогаш и секаде да внимава во комуникацијата, неговиот говор да биде јасен, достапен и достоинствен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и своето однесување;
- да има одговорен однос кон средствата и условите со кои ја реализира својата работа;
- да ги користи средствата и потрошните материјали само за службени цели;

3. Наставникот извршувајќи ја својата работа е должен:

- да го почитува работното време и траењето на наставниот час;
- редовно да го евидентира часот, како и отсутните ученици;
- активно да учествува во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи на училиштето;
- да води педагошка документација и евиденција;
- да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за училниците, кабинетите и ходниците;
- за време на наставниот час, како и на стручните состаноци да не користи мобилен телефон или други средства со кои може да пречи во работата;
- за време на дежурството да се грижи за редот и безбедноста во училиштето и во случај на нарушување на редот и безбедноста или доколку настанат некои поголеми проблеми без одлагање да го информира помошник директорот;

4. Наставникот, односно стручниот соработник спрема ученикот треба да применува постапки кои се во духот на современите педагошки норми и тоа:

- да ја почитува личноста на секој ученик;
- да бара ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- да бара од ученикот пристојно и дисциплинирано однесување во училиштето и надвор од него и на секој вид на девијантно однесување да реагира со укажување;
- да се грижи за остварување на правата, обврските и одговорностите на учениците;
- не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- Не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;

5. За ефикасно воспитно образовно формирање на личноста на ученикот и во интерес на професијата и училиштето, наставникот, односно стручниот соработник е должен да се грижи и да допринесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите колеги, при што:

- е должен да го почитува секој свој колега , да соработува, да разменува мислења и искуства врзани за работата, тимски да работи и совесно и ефикасно да ги извршува на договорените задачи;
- да присуствува, да биде активен и да ги почитува одлуките од стручните органи во училиштето;
- во личен разговор или на стручен состанок добронамерно и без тенденциозност да укажува на слабостите на својот колега со што ќе го штити угледот на професијата и училиштето;

6. Наставникот односно стручниот соработник е во постојана комуникација со родителите и тоа:

- навремено и објективно да ги информира родителите за постигањата, активностите, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- да бара соработка и да го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемот на ученикот;
- да ги почитува аргументите на родителите;

7. Завршни одредби

- Секој наставник и стручен соработник се обврзува да го почитува и спроведува Кодексот на однесување на наставниците и стручните соработници.
- За непочитување на овој Кодекс, директорот може да преземе дисциплински мерки согласно Законот за основно образование, Законот за јавните службеници, Законот за работни односи и сл.
- Овој кодекс влегува во сила осмиот ден од денот на истакнувањето на огласна табла на училиштето.

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Основни норми и начела

Ученикот во ООУ„Димо Хаџи Димов“ Скопје, треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.

Училиштето преку воспитно-образованата работа која опфаќа настава и други облици на организирана работа со ученици, ќе им овозможи на учениците стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот за хармоничен интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности.

2. Ученикот и неговиот однос кон учењето и наставата

1. Учениците се должни да ја постуваат наставата редовно и да ги извршуваат своите

обвски и задачи предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работењето на училиштето.

2.Во училиштето се доаѓа на време - 5 мин.пред започнување на наставата, без доцнење на час, а доцнењето се смета како неоправдано отсуствување.

3.На часовите ученикот треба внимателно да ги следи насоките од наставникот и навреме да ги исполнува своите училишни обврски. Неприфатливо е зборување и пречење во текот на наставата.

4.Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот.

5.Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите.

6.На часовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на столчињата и клупите.

7. Забрането е допишување на оценки и други податоци во дневникот, свидетелството

како и во евидентниот лист.

3.Ученикот и неговиот однос кон учениците, наставниците и родителите

1. Покажи толеранција кон соучениците во комуникацијата.

2. Искажи го своето незадоволство со одбрани и пристојни зборови.

3. Биди самокритичен, па потоа критикувај.

4. Слушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот.

5. Истакни ги позитивните страни кај тебе со постапки, а не со зборови.

6. Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин - ПРИСТОЈНО;

7. Со своето примерно однесување ќе покажеш почит и кон своите родители.

8. Биди искрен со своите родители, дури и да згрешиш, тие ќе имаат разбирање за твоите постапки. Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето;

9. Забрането е предизвикување на тепачки и учествување во нив, како и навредување и омаловажување на учениците.

10. Забрането е непристојно допирање со кое се навредува личноста на ученикот.

11. Не ги навредувај и не се однесувај насилно кон помалите и послабите ученици.

12. Учениците не треба да носат вредни предмети или повеќе пари, а доколку им се изгубат одговорноста е нивна лична.

13.Ученикот треба пристојно и уредно да се облекува и да се грижи за личната хигиена.

13. Најстрого е забрането изнудување на пари или други предмети од учениците.

14. Стого е забрането носење на оружје, петарди или други опасни средства во училиштето, со кои би можел да се загрози животот и телото на другите ученици, вработени, родители и др.лица.

15. Строго е забрането носење, конзумирање и подтикнување на ученици на употреба на алкохол, цигари, дрога и други наркотични средства.

16. Дежурниот ученик доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците или училницата должен е веднаш да го информира одделенскиот наставник или друг наставник кој е најблиску во тој момент.

4. Ученикот и неговиот однос кон училишниот имот

1. Не викај по ходниците, не трчај, не приговарај на опомените на дежурните ученици и наставници.

2. Строго е забрането уништувањето на училишниот простор и имот, пишувањето по ѕидовите, чкртање по маси и столови, уништувањето на компјутерите, учебниците и др. наставни средства.

3.Ученикот е должен да се грижи за хигиената во училиштето и во блиската околина.

4. Книгите од училишната библиотека учениците имаат обврска да ги враќаат навреме, во дадениот рок и во добра состојба.

5. Завршни одредби

1.Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува Кодексот на однесување на учениците.

2.За непочитување на овој Кодекс на ученикот може да му се изречат педагошки меки согласно Законот за основно образование и Правилникот за видовите и начинот на изрекување на педагошки мерки.

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

Родителите, односно старателите на учениците се обврзани да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.

Родителите, односно старателите се обврзани да се однесуваат културно и пристојно кон учениците, вработените и другите лица кои ќе се затекнат во училишната зграда и училишниот двор.

Родителите, старателите на учениците ги имаат следните обврски:

1. Да му овозможат на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание;
2. Редовно да се информираат за постигнувањата на своето дете и да го следат развојот на своето дете;
3. Да соработуваат со одделенскиот раководител и да го информираат за евентуални проблеми (здравствени, социјални, потешкотии во учењето) со цел заеднички да се делува за правилен развој на детето;
4. Да соработуваат со предметните наставници и да се информираат за постигнувањата, активностите и однесувањето на ученикот;
5. Да се информираат за постигнувањата и однесувањето на своето дете во утврдените консултативни термини, приемниот ден на родителите, како на и родителските средби;
6. Да го известат раководителот на паралелката за секое изостанување, како и за причините за изостанувањето;

7. На покана од одделенскиот раководител, наставник, стручен соработник или директорот се должни да дојдат во училиштето;
8. Да ги плаќаат редовно, навремено трошоците за оброкот на своето дете и други договорени плаќања или евентуално сторени штети во училницата или училишната зграда;
9. Да учествуваат во работата на органите на училиштето во кои членуваат и да ги информира другите родители на родителска средба за активностите, одлуките и сл;
10. Да не влегуваат во училницата за време на наставата;
11. Да не користат мобилен телефон за време на родителските средби;

Еко кодекс



Еко кодексот во нашето училиште е ***плакат*** кој е на видно место во училишните простории: наставничка канцеларија и бина.

Еко кодексот е составен од сите еко активности планирани во програмата екологија на училиштето. Има можност да се проширува и менува во зависност од новите идеи и потреби на учениците,вработените и родителите.

Мулти-културализаам – Мулти-културно обрзование

Мултикултурното образование е научна област и дисциплина чијашто главна цел е да создаде еднакви образовни можности за учениците од различни расни, етнички, социјални и културни групи. Една од значајните цели е да им помогне на учениците да се стекнат со знаење, ставови и вештини потребни за ефективно да функционираат во едно плиралистичко демократско општество и да стапуваат во интеракција и комуникација со луѓе од различни групи со цел да создадат граѓанско и морално општество кое ќе се стреми кон заедничко добро.

Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивнио и праведно кое препознава дека целото е богато со многу составни делови.

Акционенен план за мулти-културализам од тимот за меѓуетничка интеграција во образованието

Задача	***Активност***	***Време***	***Носител***	***Реусрси***	***Инструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
Давање информација на Наставнички совет за активностите на МИО	Информирање на Наставнички совет за активностите на МИО	Август	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот	Стрчни материјали од МИО проектот	Усно претставување	Запознавање на наставниците со МИО концептот.	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот
Избор на раководство во секое одделение	Демократски избор на раководството на паралелките	Септември	Одделенски раководител, ученици	Гласачка кутија, ливчиња	Гласање (тајно),	Избор на раководството на паралелките на демократски	Одделенски раководител,

						начин	
Наствниците да се запознаат со концептот за меѓуетничка интеграција и мултикултурно образование	Дисеминација на обуката на ниво на училиште	Септември-Октомври	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот	Усна презентација, слајдиови, материјали обезбедени од МИО проектот	Дискусии, работилници	Информираност на наставниците со концептот за меѓуетничка интеграција и мултикултурно образование	Координатор на тимот задолжен за реализација на МИО проектот
Избор и контактирање со партнер училиште	Преговори со училишта за избор на партнер-училиште	Октомври-Ноември	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот	Воспоставување контакт преку телефон или по електронски пат	Рзговори, пораки и дискусии	Направен избор на партнер училиште/а	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот
Иницирање интерес кај учениците и нивно мотивирање за мултикултурализам	Предавање за различните култури во РМ	Октомври	Наставници, струлни лица од областа на мултикултурализмот	Предавање, дисусии со ученици	Усно преставување, дисусија	Стекнување знаења за концепти на културните различности во РМ	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот и стручни лица од областа на мулти-културализмот
Збогатување на предзнаењата на учениците од областа на меѓуетничка и верска толеранција	Предавање за меѓуетничка и верска толеранција	Ноември	Наставници, стручни лица од областа на мултикултурализмот	Предавање , дисусии со ученици	Усно преставување, дисусија	Идентификување на сличностите и почитување на разликите меѓу етникумите и верските заедници во РМ	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот и стручни лица од областа на МЦГО
Интеркултурно учење (културен речник)	Активности со партнер	Декември-Јануари	Наставници, тимот задолжен за	Културни манифестации,	Посети на настани и	Запознавање со обичаи, културни	Координатор на тимот

	училиште/а согласно планирањата во МИО – проектот		реализација на МИО проектот	споменици и музеи	институции	вредности и традиции	задолжен за реализација на МИО проектот
Заедничка грижа за животната средина	Активности со партнер училиште/а согласно планирањата во МИО – проектот	Март	Наставници, тимот задолжен за реализација на МИО проектот	Организиран превоз, садници, алатки (по потреба)	Практична работа во природа	Развивање на еколошка мултикултурна свест	Наставници, ученици, тимот задолжен за реализација на МИО проектот
Истражувачки активности од одделни наставни предмети од областа на природните науки	Посета на партнер училиште/а	Април	Наставници, ученици, тимот задолжен за реализација на МИО проектот	Стручна литература, учебници, интернет, примероци за истражување	Истражување, набљудување, анализа, заклучок, извештај	Продлабочување на знаењата преку размена на искуствата со партнер училиштето	Тимот задолжен за реализација на МИО проектот

Изработиле: Магдалена Мојсовска, Виолета Ѓорѓиева, Трајанка Јовановска, Анета Коруновска, Димитар Даскалов, Божо Бубало

ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Мотивираноста на наставниците е една од важните задачи на директорот. Само мотивиран наставник може да пројави интерес за свој личен професионален развој. Современите тенденции во образованието делуваат императивно врз личниот и професионален развој на наставниците. Директорот е должен да води грижа за професионалниот развој на наставниот кадар и стручната служба

Цели и задачи:

- Мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој како услов за успешна и ефикасна работа.
- Наставникот постојано да ги развива своите компетенции со цел да достигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со современите трендови и со барањата на модерниот свет.

ПЛАН ЗА ЛИЧЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Активност	***Време на реализација***	***носител***	***Начин на спроведувањ (ресурси)***	***Инструменти следење***	***Очекувани ефекти***	***Одговорно лице***
Формирање тим на изготвување на интерни критериуми	Септември 2013	Директор	Состанок на настав совет, Записник, листа на членови на тимот	Записник од состанокот, листа на членови на тимот	Поттикнување на наставниците за профеионален развој	Директор
Изготвување акционен план на тимот	Септември 2013	Тим за професиона лрн развој	Состаноци и работни средби. Меморандуми. Стручна литература, научни трудови	Записници, Закон за основно образование, меморандуми	Акционен план, зголемена тимска соработка	Тим за професион ален и личен развој
Дијагностицир ање на потребите за профеионален развој	Септември 2013	Тим за професиона лен развој, Директор	Спреоведување анкета, Анкетен прашалник	Податоци од спроведената анкета	Утврдена состојба за потребите на личниот и профес. развој	Тим за професион ален и личен развој, Директор
Поставување приоритети за личен и професионале н развој	Ок томври 2013	Директор	Примена на изготвените критериуми	Професионално досие на наставниците	Објективност при давање можност за учество на семинари и обуки	Директор
Продлабочува	Во текот на	Обучувачи	Работилници,	Стручна	Стекнати	Директор

ње на соработката со БРО, МОН	целата година	од МОН и БРО интерни обучувачи	сминари, обуки, сертифицирање, сертификати	литература, прирачници, презентации, техничка опрема	занења, размена на искуства	
Инплементирање на стекнатите знаења при реализација на наставните содржини	Вотекот на целата учебна година	Наставници	Отворени часови, обсервирање на час, стручни активи	Ученички трудови, инструмент за следење	Изведување на поквалитетна настава	Директор Стручна служба, наставн.
Спроведување на кампањата: ,,Здрава храна за детсво без мана,,	На Денот на училиштето (20 Октомври) и во Мај	Наставници, Родители, ученици, ѓраѓани од блиската околина	Училиштен хепенинг	Продукти на здрава храна, флери, постери, покани, извештаи, литература за здрава храна	Зголемна соработка со родителите, повисоко ниво на свеста за здравата храна и за здрав живот	Директор
Следење во напредувањето на наставниците	Според планирањата на ДПИ, БРО, Директорот и стручната служба	Директор. Просветен државен инспекторат, БРО, ДИЦ	Посета на часови од страна на СС и на Директорот, Записник од извршен интегрален увид на ДПИ, Акциско истражување на адоволствата на родителите од квалитетот на наставата, Екстерно оценување	Извештаи, записници,	Увид во профеионалниот развој на наставниот кадар и на стручнта службаар	Директор

Хоризонтално учење

Во нашето училиште се планираат различити видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство и тоа се планираат преку стручните активи на одделенска и предметна настава активи по одделенија и по групи- општествена и природно математичка. Се организираат отворени часови, работилници, интерни семинари, десиминација на проекти и т.н. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

Тимска работа и училишна клима

Се предвидуваат форми на поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, се одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Се зголемува взаемното почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури (ученици, наставници, родители, др. вработени) што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените посебно изразена во планирања, договори, семинари, работилници, посети, ... Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во оддржување на постојано добра атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици без разлика на образовните и физичките способности, без разлика на полот, родот, етничката припадност, вера, потекло се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Изработиле: Лидија Гркова и Невена Петковска

ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето се залага за поголема вклученост на родителите во училиштето:

- ***Во животот и работата на училиштето***- преку зајакнување на капацитетите за дејствување на Советот на родители со претходно изготвена програма, детектирање на дефекти, поправки на инвентарот, подобрување на условите за работа;
-
- ***Во процесот на учење***, со влученост на родителите да даваат свои мислења и сугестии, постојано информирање за состојбите во процесот на учење, поддршка во работата на ученици со потешкотии во развојот и поддршка и за напредување на ученици-таленти, даваат придонес во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства;
-
- ***Во активностите во училиштето***- иницијативи за поуспешна реализација за слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.

- ***Во донесување одлуки***- со вклученост и партиципација во давање на идеи, предлози, доненесување на одлуки преку Совет на родители, Училишна заеднца. Училишен одбор

- ***Едукација на семејството***- Организирање на едукативни работилници за родители, предавања, третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакати, брошури, училишни весници, советодавно-консултативни работилници- индивидуални и групни, посета на семејства и др.

АКЦИОНЕН ПЛАН НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Задача	***Активност***	***Време на реализација***	***Носител***	***Начин на спроведување (реусрси)***	***Ннструменти***	***Очекувани резултати***	***Одговорно лице***
Зајакнување на капацитетитте на дејствување на Советот на роди тели	Одржување на состаноци, работилници	Септември, февруари	Советот на родители, настаници	Известувања на родителите преку членовите на Совето родители, материјали стручна литература, лаптопи	Извештаи, табели	Зајакнат капацитет, н дејствување	Претседателот на Совет на родители наставници
Идентификување технички недоста тоци на објектот	Анкетирање анализа	Октомври, јануари	Совет на родители	Човечки ресурси	Анкети	Среден училишен простор	Совет на родит. наставници, директор
Вклучување на родителите во процесот на учење деца Со потешкотии во учењето.	анкетирање	ноември	Родители, наставници	Стручни лица- помошна литература	Анкета, прашалник	Подобар успех на учениците во учењето	Комисија од родители наставници
Вклучување на родителите во процесот на учење за талентирани деца	Анкетирање на наставноици	октомври	Родители, натавници	Стручни лица литература	Анкети Прашалници	Афирмација на натпрева добиени награди	Комисија од родители наставници

Вклучување на родителите во збогатување со нагледни средства Дидактички материјал во училиштето	Заедничко палнирањ на родителите и наставниците	септември	Наст авни ци и родители	Прирачници, програми, разговори	Извештаи, Анеализи прашалници, табели	Збогатување со потребен материјал во училиште вклучени активно во планирањата	Родители наставници
Вклученост на родителите во активностите на учениците во училиштето- слободни ученич ки и воннаставни активности на учениците	Давање идеи, предлози, состаноци	Континуи Рано во те кот на цела та учебна година	Наставници родители	технички материјал	Игри, натпревари, прира манефистации екскурзии промоции	Максимално вложување на родителите во активносттите.	Родители наставници
Организирање едукативни работилници з родители	Работилници индивидуални и групни	Ноември февруар	Наставниц родител	Стручни лица, стручна литерату технички помага.	Соопштенија, флаери, плакети, брош училишни весници	Советодавно консултат едукација на родителите	родители

Изработиле: Ирена Грујовска Циолиас, Габриела Мисовска, Соња Јовановска, Слаѓана Милановска, Весна Милевска, Сузана Буневска

КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ Димо Хаџи Димов во учебната 2013/2014 година има планирана комуникација со јавноста и тоа со:

- Локалната заедница
- Институциите од областа на културата
- Невладините организации
- Спортските дрштва
- Медиумите

Основната цел на оваа програма е да се афирмираат активностите од работата на училиштето со конкретни цели, успесите и постигнувањата на училиштето, професионалниот развој во наставата, соработката со родителите, локалната средина и пошироко.

Акционен план за работата на училиштето во комуникацијата со јавноста и промоција на училишето

Задачи	***Активност***	***Месеци***	***Носител***	***Начин на спроведување/ Ресурси***	***Очекувани резултати***
- Да се одбележи патрониот празник	Промоции Изложби претстави,	октомври	Стручна служба Директор Стручни активи	Електронски пат Пишана форма Усна комуникација фотографии	Патрониот празник е успешно реализиран
- да се одржуваат еко	Еко акции	Ноември	Еко одбор	Електронски пат	Еко активностите се

активности	кампањи	март		Пишана форма, Усна комуникација фотографии	успешно реализирани
- да се промивираат проекти	меморандуми	тековно	Ученици наставник	Електронски пат Пишана форма Усна комуникација фотографии	Проектите се успешно промовирани од страна на училиштето
- да се одбележуваат светски еко денови	Дефиле маратони	Ноември,март	Еко одбор	Електронски пат Пишана форма Усна комуникација фотографии	Светските еко денови се одбележани според можностите на училиштето
- да се учествува на конкурси и натпревари на различни нивоа	Спортски натпревари Натпревари од секаков тип	тековно	секции	Електронски пат Пишана форма Усна комуникација фотографии	-учениците земаат активно учество на разноразни конкурси и натпревари и постигнуваат видни резултати
-да се посетуваат културни настани и збиднувања	Концерти Театарски претстави Хуманитарни изложби	тековно	Наставници ученици	Електронски пат Пишана форма Усна комуникација фотографии	Учениците заедно сто наставниците според предвидениот план посетуваат културни настани и се стекнуваат со нови знаења
-да се прошират соработки	Трибини	тековно	директор	Електронски пат	Се спроведува соработка со

со НВО и бизнис сектори	предавања			Пишана форма Усна комуникација фотографии	нови НВО и бизнис сектори
-соработки со здравствени установи	предавања	тековнои	Секции активи	Електронски пат Пишана форма Усна комуникација фотографии	Успешна реализација предавањата
Соработка со медиуми	интервјуа	тековно	Наставници Стручна служба	Електронски пат Пишана форма Усна комуникација фотографии	Успешна соработка со медиумите како пишани така и електронски

УЧЕНИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Ученичката организација ќе го помага детското здружување и ќе работи на осовременување на програмската основа на истата, а ќе се раководи од потребите и интересите на децата. За нив ја градиме оваа држава, за нив се обидуваме да направиме поубаво место на живеење .

Ученичка организација претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку неа учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараа и заземаат ставови за сите прашања што се во врска со нивните животни и работни услови во училиштето.

Задачите на Ученичката организација на учениците се

-Кај учениците да се поттикнува и развива смислата за иницијатива, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми;

-Да се придонесува во организирањето и спроведувањето на културниот , забавниот и спортскиот живот во училиштето;

-Кај учениците да се развива свеста за потребите за соработка со наставниците, одделенските раководители и стручните работници при решавање на проблемите поврзани со наставата;

-Да придонесува за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и склоност за колективен живот;

Остварување на своите права и должности учениците ги спроведуваат преку ученичките заедници. Таа ги опфаќа сите ученици од I-IX одделение. Ученичките заедници во нашето училиште се организираат во рамките на паралелките како ученичка заедница на паралелката и во рамките на училиштето како ученичка заедница на училиштето. Во едната и во другата ученичка заедница избираат свој претседател, благајник и хигиеничар.

Своите содржини од програмата ученичките заедници на ново на паралелка ги работат на одделенскиот час, преку програмските активности од Животни вештини.

Работата на училишната заедница и заедницата на паралелките ја помагаат, насочуваат, координираат и ја следат наставниците.

Акционен план за работата на Училишна заедница

Задачи	***Активност***	***Месеци***	***Носител***	***Начин на спроведување/ Ресурси***	***Очекувани резултати***	***Одговорни лица***
Концепирње на работата на училишната заедница	Изработка и усвојување на годишната програма за работа	Септември	Одговорни наставници	Брошура	Донесување на програма за работа	
Избор на членови во ученичката заедница од секоја паралелка	Предлагање и гласање на ученици-членови во Ученичката заедница	Септември	Учениците	Избор на членови во Ученичката заедница на одделенскиот час на демократки начин со предлагање и гласање на соученици	Формирано членство на Ученичката организација во училиштето	
Запознавање на членовите со значењето на училишната заедница, организирање и поделба на активностите	Значење, организирање и задачи	Септември	Одговорни наставници	Годишна програма	Проширување на знаењата	
Утврдување на содржини	Конструирање и избор на работни тела	Септември	Одговорни наставници	Годишна програма	Развој на демократски принципи	
Подобрување на училишната клима и односите помеѓу учиниците	Изработка на кодекс на однесување	Октомври	Раководство	Правилник кодекс на однесување	Подобрена училишна клима односи меѓу учениците	

Разгледување на работата на одделенските совети и подобрување на посигањата на учениците преку редовната и дополнителна и додатната настава	Работа на одделенски совет - заклучоци	Ноември-Април	Одговорни наставници	Дневен ред од одделенски совет	Усогласување на ставовите,подобрени постигнувања на учениците преку редовната и дополнителната /додатната настава	
Работилници за превенција од насилство, заштита од пушење, алкохол и дрога	Запознавање со видови на насилство и превенција со опасностите од консумирање на цигари и дрога и превенција	По потреба	Сручна служба	Изготвен материјал за потребите на работилниците	Превенција од насилство и заштита од пушење, алкохол и дрога	
Запознавање на учениците и наставниците со содржината на извештајот	Полугодишен извештај за работата на училишната заедница	Јануари	Одговорни наставници	Извештаи	Поттикнување на креативно размислување	
Анализа на извештаи	Годишен извештај за работата на училишната заедница	Мај-Јуни	Одговорни наставници	Извештаи	Насоки за понатамошно образование	

ПРИЛОЗИ

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2013/2014 ГОД

Годишната програма за работа на психологот е изработена врз основа Законот за основно образование,Годишната програма на училиштето

ЦЕЛ: Да психологот низ своите активности придонесе во поуспешно реализирање и усовршување на воспитно образовниот процес во училиштето.

1.Планирање, програмирање и организирање на воспитно образовната работа			
Активност	Реализатор	Форма на работа	Време
1.Подготовка на годишна програма за сопствената работа	Психолог	Индивидуална	август
2.Учество во подготовка на Годишна програма за работата на училиштето	Психолог, педагог,тим на наставници	Тимска работа	август
3.Подготовка на програма за професионална ориентација на учениците	Психолог	Индивидуална	август

4.Подготовка на програма за работа со талентирани ученици	Психолог,	Тимска работа	август
5.Подготовка на програма за работа со.емотивно ранливи ученици	Психолог	Тимска работа	август
6.Подготовка програма за активности за меѓуетничка интеграција	Тим СИТ	Тимска работа	август
7. Учество во подготовката на програмата за стручен актив	Одговорни наставници,стручна служба	Тимска работа	август
8.Подготовка на полугодишен извештај за сопствената работа	Психолог	Индивидуална	јануари
9.Учество во подготовка на полугодишен извештај за работата на училиштето	Психолог, педагог Тим на наставници	Тимска работа	јануари

10.Подготовка на програма за советување на родители	психолог	Индивидуална	август
11.Анализа на развојниот план на училиштето	Директор ,стручна служба,наставници	Тимска работа	Јуни-август

2. СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

А. УТВРДУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИЧНОСТА НА УЧЕНИКОТ

Активност	Реализатор	Форма на работа	Време
1.Набљудување и оценување зрелост на учени-ците при упис во I одд Откривање на ученици со потешкотии во напредувањето во I одд	Психолог, комисија за упис во прво одд. др. наставници	Тимска работа	Мај, јуни. август, септември
2.Формирање паралелки за I одд, Запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња.	Комисија за упис во прво одд. наставници	Тимска работа	Мај-август

3. Утврдување на социометрискиот статус на ученици од VI одд	Психолог ,одд. раководители	Тимска работа	октомври
3. Откривање на надарени ученици	Психолог Одделенски раководител	Тимска работа	ноември
4. Утврдување на личните карактеристики, степенот на надареност и образовните потреби на надарените учениците	Психолог Одделенски раководител Предметни наставници	Тимска работа	ноември декември
5. Професионална ориентација на учениците (според посебната програма за професионална ориентација)	Психолог одделенски раководители Средни училишта	Тимска работа	септември-јуни
2. СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ***Б. СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ СПОРЕД НИВНИТЕ МОЖНОСТИ И СПОРЕД КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА НИВНАТА ЛИЧНОСТ***			
Активност	***Реализатор***	***форма на работа***	***Време***
1. Откривање и следење на ученици кои нередовно ја	Психолог	Тимска работа	септември-јуни

посетуваат наставата, значително го намалуваат училишниот успех или појавуваат различни облици на несоодветно однесување	Педагог Наставници		
Следење на интерперсоналните односи во паралелкаите, односно во училиштето	Психолог,наставници, ученици	Тимска работа	септември-јуни
2.Следење на успехот на учениците по паралелки за секој класификационен период	Психолог	Тимска работа	Септември
3. Изработка на план за работа со надарени и талентирани ученици	Тим од наставници за подршка на надарените и талентираните ученици	Тимска работа	Септември Октомври
4. Анкета за ученици: „Во кои секции би сакал да членувам?„	Психолог, наставници	Тимска работа	Февруари
5.Анкета за ученици – изборни предмети од VI одд	Психолог Наставници родители	Тимска работа	Мај

до VIII одд			
Учество и подршка на работата на ученичката заедница	Психолог ,одговорни наставници	Тимска работа	Септември- јуни
Следење на оценувањето на учениците	Психолог , наставници	Психолог ,одговорни наставници	Септември- јуни
3.ПОДГОТОВКА НА СТРУЧНИ МАТЕРИЈАЛИ			
Активност	***Реализатор***	***форма на работа***	***Времена реализација***
1. Подготовка на материјали (работни листови и активности) кои би се користеле во работата со надарените /талентираните ученици	Психолог Тим од наставници за поддршка на надарените и талентираните ученици	Тимска работа Индивидуална	Во текот на учебната година
2. Подготовка и презентација на извештај од анализата на успехот, редовност и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие	Психолог, наставници	Тимска работа	ноември
3. Подготовка и презентација на извештај од	Психолог,	Тимска работа	јануари

анализата на успехот, редовност и поведението на учениците на крајот од првото полугодие	наставници		
4. Подготовка и презентација на извештај од анализата на успехот, редовност и поведението на учениците на крајот од третото тромесечие	Психолог, наставници	Тимска работа	април
5. Подготовка и презентација на извештај од анализата на успехот, редовност и поведението на учениците на крајот од учебната година	Психолог, наставници	Тимска работа	јуни
6.Презентација на стручна тема во рамките на стручен актив	Психолог	Индивидуално	јануари
4. СОВЕТОДАВНО – КОНСУЛТАТИВНА РАБОТА			
Активност	***Реализатор***	***форма на работа***	***Време на реализација***
1.Соработка со наставниците со цел унапредување на наставата	Психолог Педагог	Психолог	во текот на учебната година

и воспитната работа			
2 Советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите во паралелка	Психолог	Психолог	во текот на учебната година
3. Советодавно – консултативна работа со ученици	Психолог Педагог	индивидуална	во текот на учебната година
4. Советодавно – консултативна работа со родители	Психолог Педагог Наставници	индивидуална	во текот на учебната година
5.Советување на родители - Работа со група родители чии ученици нередовно ја посетуваат наставата, значително го намалуваат училишниот успех или појавуваат различни облици на несоодветно однесување	Психолог. наставници	Тимска работа	во текот на учебната година
6.. Работилница за обука на ученици „Како се изготвува	Психолог	Тимска работа	Во текот на второ полугодие

CV и портфолио“	Одговорен наставник за Училишна заедница и членови на Училишна заедница		
7. Посета на часови – анализа и консултации со наставниците за примената на активни методи на работа со учениците, користење на компјутери во наставата, методи на формативно оценување	Психолог Педагог Директор	Тимска работа	Октомври Декември Март Мај
5. ОПШТО – СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ			
Активност	***Реализатор***	***Форма на работа***	***Времена реализација***
1. Соработка со наставниците при подготовката на наставните часови	Психолог, наставници	Тимска работа	во текот на учебната година
2.Реализација на работилници и десиминација од одржани семинари од областа на инклузија на деца со ПОП	Тим за инклузија	Тимска работа	септември

3.Реализација на работилници и десиминација од одржани семинари од проектот за меѓуетничка дисиминација	Тим за СИТ	Тимска работа	Септември октомври
4.Советодавна работа со наставници-приправници	Психолог, наставник ментор	Тимска работа	Во текот на учебната година
5.Учество во работата на стручниот актив со актуелни теми.	Психолог	Индивидуално	Јануари

6. ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Активност	***Реализатор***	***Форма на работа***	***Време***
1. Подготовка на чек – листи, листи за бележење, скали на проценка, евидентни листи и сл. за бележењеи евидентирање на податоци-педагошки картони за наставници	Директор,психолог, педагог	Тимска работа	во текот на учебната година
2. Увид во дневникот на паралелката- увид во распоредот на планираните оценувања на учениците и бројот на изостаноци на	Психолог,одговорни наставници	Тимска работа	октомври декември март

учениците			мај
3.Водење на професионално досие за наставнисите	Психолог	индивидуална	во текот на учебната година
4. Подготовка на месечно планирање за сопствената работа	Психолог	индивидуална	Во текот на учебната година

Изготвил: Психолог - Виолета Ѓорѓиева

СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

Советувањето на родители е законска обврска за родителите чии даца имаат одредени проблеми во училиштето, во смисла на нередовно посетување настава (направени над 100 оправдани и над 10 неоправдани изостаноци), намалување на успехот во учењето и манифестирање разни форми на несоодветно однесување.

Цел на советувањето:

1. Запознавање на родителите на учениците со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца;

2. Едуцирање на родителите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици.

Акционен план за работата на психологот за советувањата на родителите

Задача	Активност	Време	Носител	Начин на спроведување (реусрси)	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Идентификација на ученици со потешкотии во прилагодувањето	Опсервација на учениците и соработка со наставниците	Септе.	Стручна служ. наставници	Наставници, правилници	Набљудување,следење, прашалници, цртежи,психолошки тестови	Идентификување на учени ци кои потешко се прилагодуваат	Психолог Педагог
Разговор со родители на деца со потешкотии во прилагодување	Планирани средби и разговори	Окто.	Стручна служба	Родител, настав стручна литера	Советодавен разговор, записник, аналитички листови	Запознавање на родителот проблематиката, реално прифаќање и помош од стра родителот	Стручна Служба
Водење евиденција и советодавна работа со учениците кои покажале неприлагодено однесување	Следење и регистрирање на податоци за ученикот	Септе. јуни	Стручна служба	Досие на ученикот	Листи за набљудување, психолошки тестови,	Увид и прегледност во напредувањето и промените ученикот	Стручна Служба
Водење евиденција и советодавна работа со учениците кои направиле поголем број на изостаноци	Следење и регистрирање на податоци за ученикот	Септе. јуни	Стручна служба	Досие на ученикот	Листи за набљудување, психолошки тестови	Увид и прегледност во напредувањето и промените ученикот	Стручна Служба

Водење евиденција и советодавна работа учениците кај кои забележан намален усп	Следење и регистри на податоци за уче Никот	Септе. јуни	Стручна служба	Досие на учен	Листи за набљудување, психолошки тестови	Увид и прегледност во напредувањето и промените ученикот	Стручн.а служба
Следење на однесува њето, концентрацијата, активноста на часовите	Присуство на часови и следење на учениците	Септе. јуни	Стручна служба, наста	Наставници листи за следење	Листи за следење, извештаи	Добивање поцелосни инфор мации за способностите, потребите и потешкотиите на ученикот	Стручна служба
Барање стручно мис лење од Педагош ка служба за ученици со неадекватно однесу вање	Обезбедување контак со Педагошката служ ба при МОН	Септе. јуни	Психолог	Писмен допис	Комуникација и информација	Информираност на Педагош ката служба и добивање пов ратна информација	Психолог
Родителите да се запознаат со актуелните тешкотии на своите деца	Закажување и одржување на **прво** советување со родите ли во групи со иден тичен проблем	Септември јуни	Психолог	Правилник за советување, проектор, струч материјали	Подготвени стручни матери јали	Реално согледување на потешкотиите кај учениците и соработка со со родит елите во надминување на истите	Психолог
Унапредување на родителски вештини со цел надминување на актуелните тешкотии	Закажување и одржување на **второ** советување со родители во групи со идентичен проблем	Септе. јуни	Психолог	Правилник за советување, проектор, струч материјали	Подготвени стручни материј али	Едуцираност и сигур ност во практикување на родителски вештини	Психолог

Подршка во позитивната промена на учениците	Следење и советодавна работа учениците	Септе. јуни	Стручна служба	Извештаи,	Советодавна работа,	Прилагоденост и успешност училиштето	Стручна служба

Психолог Виолета Ѓорѓиева

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ЗА УЧЕБНА 2013/2014

ЦЕЛ: Да придонесе во поуспешно реализирање и усовршување на воспитно образовниот процес во училиштето и севкупниот живот и работа во училиштето и локалната средина.

ПРИОРИТЕТИ:

- унапредување на наставниот процес;
- стручно усовршување на наставниците;
- негување на инклузивна настава;
- мултиетничка интеграција во образованието;
- следење на реализација на содржини од еко програмата;
- соработка на локалната средина и општествената заедница;
- обука на новите насатавници за работа со деца со посебни потреби;
- обуки за намалување на насилството во образованието.

Појдовни основи во изработка на Годишната програма за работа:

- Закон за основно образование;
- Годишна програма за работа во училиштето;
- Извештај за работа во училиштето на крајот од учебната 2012/13;

- Годишна програма за работа на директорот, стручните активи, програма за работа од проектот ИНКЛУЗИЈА на деца со ПП во редовно училиште, програма за работа на секција на педагозите;

Глобалната Годишна програма на педагогот е изработена на ниво на секција на педагози на град Скопје. Истата таа е основен водич во работата на педагогот во училиштето. Програмата може да претрпи промени во согласност со спецификите на училиштето.

ГЛОБАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ВО УЧЕБНА 2013/2014 ГОДИНА

1. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ***Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа*** ***(2-4 часа неделно)***			
Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Учество во изработката на концепцијата на Годишната програма за работа на училиштето и изработка на нејзини поедини делови – формирање комисии	Директор Наставници Стручна служба	Јуни
2.	Учество и координација во изработката на наставните планови и програми по одделенија и за поедини предмети	Директор Наставници Стручна служба	Јуни Август
3.	Анализа на развојниот план на училиштето	Директор Наставници Стручна служба	Јуни Август
4.	Учество и координација и во изборот и концепирањето на воннаставните активности.	Директор Наставници Стручна служба	Јуни Август

5.	Учество во изработката на наставните програми за додатна, дополнителна настава, одделенска заедница, секции, екскурзии, настава во природа	Наставници Стручна служба	Јуни Август
6.	Координација и учество во изработка на проекти	Директор Наставници Стручна служба	Август
7.	Учество во изработката на плановите и програмите за работа на стручните органи на училиштето и анализа на постоечките	Директор Наставници Стручна служба	Јуни Август
8.	Учество во изработка на програми за работа со надарени и деца со посебни потреби.	Директор Наставници Стручна служба	Август
9.	Учество во изработка на програми за соработка на училиштето со семејството	Директор Наставници Стручна служба	Јуни Август
10.	Изработка на Годишна програма и месечни планирања за работата на педагогот	Педагог	Јуни Август

2. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ
Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Следење и набљудување на децата во група за упис во I одд.	Наставници Стручна служба	Мај
2.	Правење на анализа на карактеристиките на идините првачиња и учество во формирање на паралелките – Проценка на способностите на децата со ПП.	Стручна служба	Јуни Август
3.	Запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња.	Наставници Стручна служба	Јуни Август
4.	Распределување на доселени ученици од други училишта.	Педагог	Континуирано
5.	Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава.	Директор Наставници Стручна служба	Јуни
6.	Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности.	Директор Наставници Стручна служба	Август Јуни Континуирано
7.	Следење и водење на педагошка евиденција и документација во училиштето - протокол	Наставници	Континуирано
8.	Следење на прилагодувањето на учениците во I одделение преку: - посета на часови	Наставник Стручна служба	Континуирано

	- разговор со ученици - разговор со родители		
9.	Систематско следење и анализирање на наставниот процес како и работата на сите ученици според пол, националност, возраст	Наставник Стручна служба	Континуирано
10.	Откривање на ученици кои имаат потешкотии во учењето преку: - посета на часови - разговор со наставници - разговор со родители - увид во одделенска книга	Наставник Стручна служба	Континуирано
11.	Следење на успехот и редовноста на учениците – извештај за тримесечие	Наставник Стручна служба	Континуирано
12.	Следење и помош при организација и реализација на проекти.	Директор Наставници Стручна служба	Континуирано
13.	Следење на интерперсоналните односи (Училишна клима) во училиштето меѓу ученик-ученик, ученик-наставник и наставник-наставник, на индивидуално и групно ниво.	Наставници Ученици	Континуирано
14.	Испитување на причините кои се јавуваат во воспитно-образовната работа за асоцијално однесување.	Наставници Родители Ученици Стручна служба Директор и други институции	Континуирано
15.	Следење на успехот во преодот од одделенска во предметна настава	Наставници Родители	Континуирано

		Ученици Стручна служба	
16.	Следење на постапките во оценување на учениците	Директор Наставници Стручна служба	Континуирано
17.	Систематско вреднување на својата работа	Педагог	Континуирано
18.	Еко стандарди во наставните планови и протоколи	Педагог и еко координатор	Јуни Август

3. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ***Советодавно – консултативна работа со учениците, наставниците и родителите***			
Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Идентификување и работа на отстранување на педагошките причини на проблемите во учењето и однесувањето.	Стручна служба Наставници Ученици Родители	Континуирано
2.	Следење и проучување на интересите и постигнувањата на учениците и нивно усогласување со нивните желби и интереси.	Стручна служба Учениците во завршното одделение	Мај

3.	Запознавање на учениците со видовите на средните училишта.	Стручна служба Учениците во завршното одделение Претставници од средните училишта	Мај
4.	Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности (одделенски заедници, ученичка заедница, ПЦК и др.)	Стручна служба Наставници Ученици	Континуирано
5.	Учество во организирање на активности и содржини каде учениците на креативен начин го организираат своето слободно време.	Стручна служба Ученици	Континуирано
6.	Советодавна работа со ученици кои потешко напредуваат или покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех	Директор Стручна служба Ученици	Континуирано
7.	Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободни активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др.	Директор Стручна служба Наставници Ученици	Септември - Мај
8.	Советодавна работа со наставниците-приправници, менторирање	Стручна служба Наставници	Континуирано
9.	Консултативно-советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик и ученик-наставник-семејство	Директор Стручна служба Наставници	Континуирано

10.	Советодавна работа со наставници во реализирање на проекти.	Наставници	Септември - Мај
11.	Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење на стручна литература заради осовременување на наставниот процес.	Директор Стручна служба Наставници	Континуирано
12.	Давање помош на наставниците во реализација на одредени часови како пример за добра пракса – отворени часови	Наставници Стручна служба	Периодично
13.	Учество во работата на стручните тимови и активи, и превземање мерки за унапредување на нивната работа - дисеминација	Наставници Стручна служба	Континуирано
14.	Советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината.	Наставници Стручна служба	Континуирано
15.	Промовирање и потикнување на родителите во поедини облици на работа во училиштето.	Наставници Стручна служба	Континуирано
16.	Запознавање на родителите со Конвенцијата за детските права.	Наставници Стручна служба	Септември
17.	Советодавна работа со родителите за осмислување на слободното време на децата	Наставници Стручна служба	Континуирано
18.	Едукација на родителите за развојните карактеристики на децата.	Наставници Стручна служба	Септември
19.	Давање поддршка и помош во работата на Советот на родители и Училишниот одбро.	Наставници Стручна служба	Континуирано

20.	Поддршка за учество на родителите во разни проекти на стручни и невладини организации кои се реализираат во училиштето или кои се занимаваат со проблемите на нивните деца.	Наставници Стручна служба	Континуирано

4. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ
Аналитичко – истражувачка работа

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Анализа на напредокот и вклученоста во воспитно образовниот процес на учениците со ПОП	Директор Стручна служба Наставници	Август - Септември
2.	Изработка на анализа за успехот и дисциплината на учениците на класификациони периоди (тромесечја, полугодие и крај на година) според пол, националност	Директор Стручна служба Наставници	Ноември Декември Април Јуни
3.	Анализа на часовите на редовната настава и другите облици на воспитно-образовната работа на кои присуствувал педагог и согледување на нивната дидактичко-методска заснованост.	Директор Стручна служба Наставници	Октомври Март

4.	Анализа на податоци од анкети за мултиетничка интеграција во образованието	Стручна служба Наставници Ученици Родители	Декември Мај
5.	Испитување на нивото и квалитетот на ученичките знаења – испитување на брзината и точноста на читање во II одд.: а) нелогичен текст б) логичен текст	Стручна служба	Февруари
6.	Испитување на нивото и квалитетот на ученичките знаења по одделни предмети.	Стручна служба	Трето тромесечје
7.	Истражување и анализа на оптовареноста на учениците при преминот од одделенска во предметна настава.	Стручна служба	Октомви - Ноември
8.	Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар.	Стручна служба Наставници	По потреба
9.	Учество во научни истражувања со други институции	Стручна служба	По потреба

5. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ
Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Учество во работата на стручни друштва, органи и организации (Современ педагог, БРО, други училишта и невладини организации).	Педагози УНИЦЕФ МОН	Еднаш месечно и по потреба

2.	Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно-образовната работа.	Центри за социјална работа Здравствени установи ЗМЗ	По потреба
3.	Предлагање на набавка на стручна литература и списанија, правење на прегледи за актуелни теми и содржини	Педагог Библиотекар	По потреба
4.	Учество во размена на искуства со други стручни лица од високо образовни институции, медицински установи и социјални служби.	Педагози од други училишта	По потреба
5.	Работа на сопствено стручно усовршување.	Надворешни стручни лица	По потреба
6.	Учество во воспоставување на соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности.	Директор Стручна служба Наставници Ученици	По потреба
7.	Интеграција на содржини за заштита на животната средина (еко проект)	Директор Стручна служба Наставници Ученици Родители	Континуирано

6. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ
Педагошка евиденција и документација

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Годишен глобален план и Програма за сопствената работа.	Стручна литература	Јуни
2.	Месечен оперативен план за работа.	Стручна литература	Континуирано
3.	Хронолошки дневник за работа	Стручна литература	Континуирано
4.	Дневник за работа со ученици	Протокол	Континуирано
5.	Дневник за работа со наставници	Протокол	Континуирано
6.	Дневник за работа со родители	Протокол	Континуирано
7.	Дневник за следење на наставата и воннаставните активности	Протокол	Континуирано
8.	Документација за извршената аналитичко-истражувачка работа (прегледи, инструмнети, извештаи, анализи, информации и др.)		Континуирано

7. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ
Подготовка за сите облици на работа со ученици, наставници и родители

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Подготовка и планирање на предавања со ученици, наставници и родители.	Психолог Наставници	Континуирано
2.	Подготовка на материјали за поедини истражувања и изработка на инструменти.	Психолог Друштво на педагози	Континуирано
3.	Планирање на посета на часови.	Педагог	Континуирано
4.	Планирање и подготовка на анализи, прикази и соопштенија.	Педагог	Континуирано
5.	Следење на стручна анализа.	Педагог	Континуирано
6.	Подготовка и договарање со останатите стручни соработници, тимови и стручни институции за заедничките задачи и активности во училиштето и надвор од него.	Педагози од други училишта и други стручни лица	Август

Изработил: Педагог - Милка Ивановска

ПРОГРАМАЗА БИБЛИОТЕКАРСКА СЕКЦИЈА

Библиотекар: Слободан Тодоровски

Планирана активност	***Цели***	***Реализатор***	***Форми***	***Време***	***Извори (ресурси)***	***Очекувани ефекти***
Формирање на секција- обновување на членството	Развивање љубов за работење во групи	Библиотекар ученици	Дискусија	Септември	Список на ученици	Собран доволен број на членство
Разгледување и усвојување на програмата за работа	Запознавање со програмирањето на работата	Библиотекар ученици	Дискусија	Септември	Програма	Усвојување на програмата
Средување на книжниот фонд	Развивање љубов кон чување на книгата	Библиотекар ученици	Практична работа	Септември	Книги	Естетски изглед на библиотеката
Обработка на нови книги	Запознавање со обработка на нови книги по меѓународни стандарди	Библиотекар ученици	Практична работа	Септември	Книги Каталошки картончиња	Успешна обработка на новите книги
Запознавање со начинот и	Самостојно и брзо пронаоѓање на литературата	Библиотекар ученици	Практична работа	Октомври	Книги Каталошки	Самостојно пронаоѓање на

организацијата на работата во библиотеката					картончиња	информациите
TV-DVD	Потикнување и оспособување за користење на аудио-визуелен материјал	Библиотекар ученици	Практична работа	Октомври	Читална	Значење на TV во современиот живот
Запознавање со книжиот фонд и начинот на негова обработка	Запознавање со светската литература и обработка на книги по УДК	Библиотекар ученици	Практична работа	Октомври	Книги	Разбирање на суштината на постоење на библиотеката
Обработка на нови книги учество на натпревар по библиотекарството	Запознавање со обработка на нови книги по меѓународни стандарди	Библиотекар ученици	Практична работа	Октомври	Книги Картотека	Успешна обработка на нови книги
Слободно читање	Развивање љубов кон читањето	Библиотекар ученици	Читање дискусија	Ноември	текстови	Запознавање со убавиот збор
Организирање на изложба од ново-набавените книги	Развивање организациони способности	Библиотекар ученици	Практична работа	Ноември	Книги	Содржајност и естетика

Активности по повод месецот на книгата	Развивање љубов кон книгата	Библиотекар ученици	Практична работа	Ноември	Книги	Успешно изведени активности
Средување на книжниот фонд	Развивање љубов кон чување на книгата	Библиотекар ученици	Практична работа	Ноември	Книги	Естетски изглед на библиотеката
Запознавање на учениците со историјата на книгата	Развивање на трајни и културни вредности	Библиотекар ученици	Дискусија	Декември	текстови	Развивање на критички став за вреднување на делата
Значење на книгата во современиот живот	Развивање на трајни и културни вредности	Библиотекар ученици	Дискусија	Декември	текстови	Развивање на критички став за вреднување на делата
Литературно читање на лични творби	Развивање љубов кон пишаниот збор	Библиотекар ученици	Читање дискусија	Декември	Состави	Активно учество на сите ученици
Средување на книжниот фонд	Развивање љубов кон книгата	Библиотекар ученици	Практична работа	Јануари	Книги	Естетски изглед на библиотеката
Детски печат	Развивање на интерес кон детскиот пешат	Библиотекар ученици	Практична работа	јануари цела година	Списанија	Детскиот печат е добро прифатен

Соработка со библиотеки од други училишта	Во градот постојат и други библиотеки	Библиотекар ученици	Посета	февруари	Библиотека	Запознавање со други библиотеки
Оспособување на оштетените книги	Развивање љубов кон книгата	Тодоровски Слободан	Практична работа	февруари	Книги	Оштетените книги се во употреба
Класификација и сместување на книгите	Стручно оспособување за квалификација	Тодоровски Слободан	Практична работа	февруари	Книги	Разбирање на меѓународни стандарди на класификација
Начин на издавање и примање книги	Развивање љубов кон библиотекарството	Тодоровски Слободан	Практична работа	март	Книги Картотека	Оспособување за работа во библиотека
“ Мајката-домаќинка и работничка и воспитувач “	Почит и љубов кон возрасните и родителите	Тодоровски Слободан	Дискусија	март	Состав	Дискусија по повод 8 Март
Разговорна тема :”Книга која ми оставила	Љубов кон книгата и читањето	Тодоровски Слободан	Дискусија	март	Состав	Слободна дискусија

најдлабок впечаток”						
Посета на некоја соседна библиотека	Запознавање со други библиотеки	Тодоровски Слободан	Практична работа	март	Библиотека	Успешна посета и размена на искуства
Средување на книжниот фонд	Развивање љубов кон книгата	Тодоровски Слободан	Практична работа	април	Книги	Естетски изглед на библиотеката
Обработка на нови книги	Запознавање со обработка на нови книги по меѓународни стандарди	Тодоровски Слободан	Практична работа	април	Книги Картотека	Успешна обработка на нови книги
Издавање и примање на книги	Запознавање со работа во библиотеката	Тодоровски Слободан	Практична работа	април	Книги Картотека	Самостојно работење во библиотека
Разгледување На Енциклопедии, лексикони, речници	Запознавање со друг вид книги	Тодоровски Слободан	Разговор	април	Книги	Самостојно користење на енциклопедии, лексикони, речници

TV-DVD	Поттикнување и оспособување за користење аудуо-визуелен материјал	Тодоровски Слободан	Практична работа	мај	Читална	Значење на TV во современиот живот
Чување на книжниот фонд-лепење на оштетени книги	Формирање навики за внимателно ракување и заштита на библиотечниот материјал	Тодоровски Слободан	Практична работа	мај	Книги	Оспособување на стари книги
Илустрации на книги по содржина	Ликовно изразување на прочитаното	Тодоровски Слободан	Цртање	мај	Книги цртежи	Изработка на илустрации
Литературно читање	Развивање на читателските и креативни способности	Тодоровски Слободан	Читање	мај	книги	Значење на функцијата на авторот на книгата

Разгледување на една книга по избор	Појмиви запознавање со предговорот и поговорот	Тодоровски Слободан	Дискусија	Јуни	Книга	Успешна дискусија
Средување на книжниот фонд	Развивање љубов кон чување на книгата	Тодоровски Слободан	Практична работа	Јуни	Книги	Естетски изглед на библиотеката

ЛИСТА НА ИНФОРМИРАЊЕ НА НАСТАНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА ЗНАЧАЈНИ ДЕНОВИ ПРЕКУ УЧИЛИШЕН РАЗГЛАС

- 1-ви септември- прием на првачиња;
- 8-ми септември- ден на независноста;
- 11-ти октомври- дена на народното востание на македонскиот народ;
- 16-ти октомври- светски ден на храната;
- 21-ви октомври- патронен празник;
- 23-октомври- ден на македонската револуционерна борба;
- 13-ти ноември- ослободување на Скопје;
- 21-ви ноември- ден на телевизијата;
- 8-ми декември- Св.Климент;
- 10-ти декември- дена на човековите права;

- 25-ти декември- Крсте Петков Мисирков;
- 22-ри јануари- Глигор Прличев;
- 27-ми јануари- Моцарт;
- 31-ви јануари- МНТ;
- 13-ти февруари- Друштво на писателите;
- 21-ви февруари- светски ден на мајчиниот јазик;
- 8-ми март- ден на жената;
- 14-ти март- ден на бројот Пи;
- 21-ви март- ден на екологијата;
- 1-ви април- априлијада;
- 7-ми април- светски ден на здравјето;
- 22-ри април- ден на планетата Земја;
- 1-ви мај- ден на трудот;
- 4-ти мај- Гоце Делчев;
- 8-ми мај- ден на црвен крст;
- 18-ти мај- ден на музеите;
- 24-ти мај- Кирил и Методиј;
- 8-ми јуни- завршена приредба;

ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАТА

Цели:

- Работње по однапред подготвена програма
- Адаптирање на библиотеката и библиотечниот материјал според просторт на библиотеката.
- Развој на библиотекарството
- Слика за животот и работата на училиштето
- Зголемување на членство
- Оспособување во понатамошното школување
- Упатување на учениците за користење на периодични изданија
- Развивање на љубов кон книгата
- Упатување во избор на книга
- Оспособување за самостоен избор на книги
- Подобрување на свеста за чување на книгата
- Запознавање со друг вид на книги
- Оспособување на учениците за работа
- Унапредување на наставата
- Грижа за чување на книжниот фонд
- Набљудување и запознавање со други установи за книги

- Упатување на учениците во библиотечното работење
- Примена на светски стандарди
- Подобрување на библиотечниот материјал
- Развивање на љубов кон чување на книгата
- Одржување на книжниот фонд
- Усовршување на работата
- Презентација и популаризација на книгата
- Проширување на знаењата за убаво изразување

Планирана активност (содржина)	***Време***	***Извори (ресурси)***	***Очекувани ефекти***
Изработка на годишна програма за работа на библиотеката	септември	Стручна литература	реализирана програма
Изработка на годишна прогама за работа на библиотекарската секција	септември	Стручна литература	реализирана програма
Изработка на годишна програма за разглас	септември	Стручна литература, медиуми	реализирана програма-разглас
Изработка на полугодишен извештај за работата на разгласот	јануари	Тетратка за реализираното	училиштето е запознаено со работата
Изработка на годишен извештај за работата на библиотеката	јуни	Дневна и месечна евиденција на работата	училиштето е запознаено со работата

Изработка на годишниот извештај за работата на разгласот	јуни	Тетратка за реализираното	училиштето е запознаено со работата
Учество на натпревари по библиотекарство	октомври	Стручна литература	добар пласман
Водење на дневник во училиштето	цела учебна година	Записници документи	

Планирана активност (содржина)	***Време***	***Извори (ресурси)***	***Очекувани ефекти***
Обновување на членството и прием на нови членови	Септември и по потреба	Списоци на ученици	Заинтересираност на читателите за членување
Оспособување на учениците за користење на каталошки картончиња-картотека	Еднаш неделно	Картотека	Учениците се снаоѓаат во градските библиотеки
Примање и делење на детскиот печат	Цела учебна година	Детски печат	Детскиот печат е добро прифатен
Поттикнување на интересот на учениците за читање на книги	Цела учебна година	книги	Зголемен број на позајмени книги

Создавање навики кај учениците за самостоен избор на книги	Цела учебна година	книги	Учениците самостојно избираат книги
Помош на учениците при избор на книги	Цела учебна година	книги	Учениците самостојно избираат книги
Внимателно ракување, чување и заштита на книгите	Цела учебна година	книги	Книгите се во добра состојба
Упатување за користење на енциклопедии, речници, лексикони	Цела учебна година	книги	Самостојно користење на овој вид литература
Издавање на книги иразговор за прочитаните книги	Цела учебна година	книги	Учениците ја прочитале книгата
Вклучување на учениците во библиотекарската секција	септември ученици од V-VIII одд.	Списоци на ученици	Учениците се запознаени со библиотечното работење

Планирана активност (содржина)	***Време***	***Извори (ресурси)***	***Очекувани ефекти***
